**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 мај 1999 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала за седници, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, продолжуваме со Деветнаесеттата седница на Собранието, втора рунда Влада - Парламент.

Од Владата имаме доволно претставници, а јас гледам и доволно претставници и од страна на пратениците. Нема потреба да утврдуваме посебно кворум, бидејќи не се гласа.

Според тоа, визуелно можам да констатирам дека има доволно пратеници.

Ако сакате можеме и формално да притиснеме, за да знаеме колку пратеници се во овој момент во салата, тогаш ќе ве молам да притиснеме и да видиме колку сме во овој момент во салата. Да гласаме.

Имаме 63 присутни пратеници во салата.

Според тоа, имаме и кворум без разлика што за оваа денешна седница и не е потребен посебен кворум.

Ќе ве молам, господа пратеници, јас би сакал, заради ред, бидејќи ова продолжение на Деветнаесеттата седница ние имавме на список уште 27 по ред пријавени пратеници.

Јас ќе сакам да го прочитам списокот и ќе ве молам тие што ќе ги прочитам, за да може техниката да ве евидентира и да ви го вклучи микрофонот, повторно да притиснете без разлика како ќе излезете овде на ред.

Јас ќе си го читам овој ред кој што го имам добиено од минатата седница.

Затоа, по ред се имаат пријавено господата пратеници: Пауновски Љубен, Тодоровски Павле, Илиоски Илија, Спанчевски Крале, Александар Флоров-ски, Никола Поповски, Деспина Марковска, Горанчо Лазов, Златко Стојменов, Нано Ружин, Мирчевски Звонко, Хаџиреџа Кастриот, Наталија Марковиќ - Димова, Иванов Мирко, Филиповски Илија, Абдулаи Јонуз, Тахири Мухамед, Ристевски Љупче, Валентина Божиновска, Тодоров Ѓорѓи, Тахири Мевљан, Черкезов Миланчо, Пандов Александар, Талевски Александар, Ристовски Ненад, Бајрам Амди, Пемов Илија. Тоа се вкупно 27 пратеници.

Ги молам овие пратеници да притиснат дека сакаат да се пријават за дискусија, без разлика како ќе испаднат овде на овој ред, јас ќе ги читам по тој ред по кој што тие се пријавија.

Тоа е повеќе заради техниката да може да го регистрира оној момент кога ќе сакаат да земат збор, што не значи дека со овој список ние го затворивме списокот на можни дискутанти односно пратеници кои што ќе сакаат да постават прашања.

Госпоѓата Наталија Марковиќ - Димова побара збор, процедурално се надевам зашто, можеме само процедурално во врска со почнувањето на седницата.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ – ДИМОВА:**

Господине претседателе, колеги пратеници и претставници на Влада и почитувани министри.

Би сакала најнапред, колеги пратеници, да ве замолам, бидејќи мојот број е 13 во списокот на пријавени дали би ми дозволиле да го поставам прва моето прашање, бидејќи имам некои други обврски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас најнапред би го прашал господинот Љубен дали е џентламен дали може да дозволи.

(Пратениците дозволуваат пратеничката Наталија да земе прва збор).

Ако е така, има збор госпоѓата Наталија Димова – Марковиќ

**НАТАЛИЈА ДИМОВА - МАРКОВИЌ:**

Имам неколку прашања од кои што првото прашање се однесува на министерот за правда господинот Владо Камбовски.

Првото прашање е во врска со функционирањето на Основниот суд во Велес. Имено, за што се работи?

Кривичниот совет во кој што се работи на една суптилна материја во основен суд Велес го водат волонтери, чие што учество согласно законот не е ни дозволено во работата на Кривичниот совет, со оглед на материјата и со оглед на она што значи на решавање на судбина на граѓани.

Меѓутоа, тоа не е единствениот проблем кога ќе се каже дека решенијата постојано се препишуваат и не се пристапува кон испитување на нови факти и докази што значи даденото право на жалба е сосема формално дадено право на жалба. Таквото право ниту може да го искористи ниту ефективно делува жалбата кон решението на Кривичниот совет. Волонтерот има статус на невработен, без оглед кон Основниот суд Велес и неговото учество воопшто во ниту еден сегмент од судовите не е дозволено, а да не говориме за самостојна работа во еден ваков дел од судството каде што се работи на оваа суптилна материја.

Истражниот судија шест месеци од почнувањето на оваа година до денешен ден нема закажано ниту едно рочиште во својот дел од работата, а тоа е согледливо од интерниот извештај на судовите и тоа беше согледано од контролата на Апелациониот суд во Велес, а тоа исто значи затајување на контролата на

претседателот на судот врз извршниот судија и врз неговата работа. Значи, повторно не ажурност во Основниот суд Велес.

Пред од прилика една година Републичкиот судски совет покрена постапка за инволвираноста на Основниот суд во Велес со вложени државни пари од страна, се надевам, на претседателот, за која што постапка пред граѓаните се вети дека ќе се обелодени и ќе се докаже до каде е постапката поведена од Републичкиот судски совет. До ден денешен граѓаните не беа информирани како се заврши, дали предметот о ад акта, од кои причини и дали се уште се работи на предметот.

Согласно законските обврски на претседателот на судот, претседателот е должен притворениците да ги посетува најмалку еднаш неделно или да одреди судија кој што ќе ја врши оваа работа. Таквото нешто досега воопшто не е практика во Основен суд Велес. Од овие причини, бидејќи досега сето ова беше само констатација и сето поткрепено од реакции на граѓани за не ажурноста на работата на Основниот суд Велес и за она што значи решенија, кои што не го почитуваат правото на граѓаните, институција која што наместо да ги почитува и спроведува Уставот и законите ги крши, инсистирам од министерот да ми даде одговор дали Републичкиот судски совет врши контрола на Основниот суд и ако ја врши, тогаш зошто не се преземени дејствија за да се отстранат овие огромни аномалии и да профункционира оваа институција.

Другото прашање е упатено кон министерот за труд и социјална политика, до господинот министер. Социјалните случаи и трудовите инвалиди од општина Велес доставија еден список со барање за еднократна помош. Известена сум од граѓаните дека досега не се пристапило кон доделување на еднократната помош и не се известени до каде таа постапка, па го молам министерот да ми одговори.

И уште едно прашање до Министерството за земјоделие, а се однесува на граѓаните од мојата изборна единица Богомила, Ореше, Нежилово и други. Согласно законот за шуми во делот на приватната сопственост на земјиштето е дозволено сечење на дрва, но со одредено одбележување од страна на шумското стопанство. Меѓутоа, со оглед на тоа што шумарите си земаат преголеми ингеренции и законот го спроведуваат онаму каде што сакаат и онака како што сакаат, јас молам Министерството за земјоделие да ми одговори зошто доаѓа до состојба на двапати плаќање на данок, данок на земјиште и данок на она што е плод на земјиштето. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Наталија Димова - Марковиќ и го молам министерот за правда дали би сакал да одговори на првото прашање.

Господинот Владо Камбовски.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

По однос на поставеното прашање кое содржи повеќе потпрашања, само да напоменам дека Министерството за правда, согласно со принципите на поделба на власта нема никаква надлежност да преиспитува некои конкретни и судски случаи.

И, во согласност со законот за судовите само врши работи на правосудната управа, го донесува судскиот деловник кој е во таа функција, врши надзор над спроведувањето на увид во врска со примената на судскиот деловник, а во врска со конкретни предмети може да се ангажира само ако постои укажување што упатува на одолговлекување на судската постапка. Па, во рамките на тие свои надлежности Министерството за правда ќе подготви еден писмен одговор до пратеникот односно пратеничката.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Камбовски.

Дали е задоволна госпоѓата пратеник од одговорот.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Прашањето е до господинот Бедредин Ибраими, потпретседател на Владата и министер за труд и социјална политика, а овде е како министер за труд и социјална политика.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Прашањето е конкретно, а морам да кажам дека се работи за категорија на вработени, трудови инвалиди. Тоа е многу чувствителна категорија, особено ако нивните претпријатија, нивните фирми одат под стечај.

Во рамките на Министерството за труд и социјална политика во сите овие последни настани и тешкотии во стопанството, отпуштање на работници, нови социјални случаеви во предлог - мерките ги имаме опфатено и оваа категорија на вработени трудови инвалиди и во најскоро време ќе излеземе пред Владата со конкретни предлог - мерки за да им се ублажи состојбата и да им се помогне.

Во однос на еднократната помош, како се дели еднократна помош, тоа е регулирано со закон. Овие вработени треба да поднесат такво барање, треба да се изготви социјална анамнеза и врз основа на тоа министерот може да одлучи за доделување на еднократна помош.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали госпоѓата пратеник е задоволен од одговорот или имате некое дополнително прашање?

**НАТАЛИЈА ДИМОВА - МАРКОВИЌ:**

Едно такво барање веќе беше доставено до Министерството за труд и социјална политика, меѓутоа не тврдам дека стигнало до министерот и

ве потсетувам дека е доставено и тогаш дополнително нека не извести писмено.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Еднаш за овие работници веќе сум интервенирал и е додела еднократна помош, но тоа е минимална еднократна помош.

Значи не се работи само за трудови инвалиди од одредено претпријатие од Велес, туку такви имаме низ цела Македонија во многу претпријатија.

Така, сакам ова прашање комплетно во целина да го решиме и ќе бидат опфатени во Предлог - мерките кои ги изготвува Министерството за труд и социјална политика во соработка со синдикатот и Стопанската комора, што значи и другите двајца социјални партнери.

**НАТАЛИЈА ДИМОВА - МАРКОВИЌ:**

Добро, ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И последното прашање што го упати госпоѓата пратеник е до Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да одговори.

**ЈОВАН ДАМЧЕСКИ:**

Бидејќи прашањето со искористување на шумите е доста комплексно прашаше, ова прашање беше поставено и на претходната седница кога беа пратеничките прашања, мислам дека ќе одговориме писмено и целата проблематика околу искористувањето на шумите ќе биде писмено одговорено.

**НАТАЛИЈА ДИМОВА - МАРКОВИЌ:**

Во ред, благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претставникот на Владата и на писмено ќе добиете одговор.

Сега одиме по пријавените кандидати.

Збор има господинот пратеник Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, господа министри, претставници од Владата, најнапред наместо прашање се придружувам кон потребата за соодветно признание и вреднување на сите служби што деноноќно се ангажирани околу проблемите што произлегоа од косовската криза, за што беше и во претходниот дел на оваа седница говорено, што значи ангажман околу комплетното згрижување на бегалците.

На моето прашање е повеќе насочено кон заложбата и констатацијата на госпоѓата Ема Бонино висок комесар за хуманитарна помош при Европската унија, која констатира пред извесно време дека за Македонија е потребна, меѓу другото и итна хуманитарна помош за најзагрозените сиромашни семејства во Република Македонија.

Во таа смисла моето прашање е токму околу хуманитарната помош за најсиромашните семејства во Република Македонија, кои се можностите, интензитетот и итноста. Тоа е едното прашање.

Потоа, во овој период повеќе граѓани и семејства во Република Македонија од разни делови упатуваа прашање во врска со своевремено одземените имоти од граѓаните по било кои основи и процесот за нивно враќање. Претежно 90% од нивните јавување се однесуваше за ридско-планинските подрачја, каде што тоа е неопходно, пред се за потребите за сточарството, кое очигледно треба и допрва сериозно да го земеме предвид во развојна смисла. И двете следни прашања се поврзани со патните комуникации.

Имено, независно и не треба да биде земено предвид оваа трагична ситуација што трае десетина години на Балканот, меѓутоа од разни причини може тоа да се случува и во некои други временски периоди, па се покажа дека правецот Југ - Север може од разни причини од оправдани и од разни околности да биде спречен за соодветно корис-тење. Значи, да биде крајно отежнато тоа користење. Во таа смисла прашањето е околу коридорот 8 Запад - Исток, дали можеме да очекуваме дефинитивно забрзан интензитет, се разбира, според можностите, тоа не се решава преку ноќ, тоа е еден процес од повеќе години, со што нема да се задоволат потребите само на Македонија, која е лоцирана на еден специфичен географски простор, туку тоа станува веќе очигледно од интерес на целиот Балкан.

И второто прашање околу овие патни комуникации до каде е проектот за патната линија кон Битола, поточно делницата што треба да го премости Плетвар. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Пауновски.

Ве молам, за првото прашање кој би сакал од претставниците на Владата да одговори.

Тоа е потпретседателот на Владата господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Покрај хуманитарната помош која се доделува на бегалците во Република Македонија, се чинеа доста напори таква помош да стигне и до социјалните случаеви во Република Македонија. Без разлика дали тие имаат бегалци во нивните семејства или не. Таква една акција веќе е отпочната во соработка со хуманитарната организација од Република Италија "Интерсос", во соработка со меѓународната федерација на Црвениот крст, Комисијата на Европската унија овде и се доделува хуманитарна помош на најзагрозените семејства во Република Македонија. Тие се некаде околу 5.000.

Тој проект ќе трае три месеци, а има изгледи да трае до крајот на годината, се работи на тоа тој Проект да се прошири на сите

корисници на социјална помош, значи би се опфатиле некаде 65 илјади семејства во Република Македонија. Иако во висина не е некоја голема помош, сепак ќе ја ублажи состојбата во семејствата кои се корисници на социјална помош, така што во оваа насока Министерството и Владата прават напори покрај помошта која се дели на бегалците, таа помош да пристигне и до семејствата кои се корисници на социјалната помош.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник да ли сте задоволни?

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Да, задоволен сум само едно потпрашање дали имаме конкретна реализација во овој период од месец дена station наназад, според можностите.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Зборува конкретно за овој Проект кој се реализира “ИНТЕРСОС“ од Италија и тој веќе се реализира и се спроведува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓата потпретседател на Владата има збор Радмила Кипријанова.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Исто така едно дополнување кон оваа социјална програма од Европската Унија преку ЕКО се добиваат 30 милиони евра, каде ќе бидат опфатени семејства од цела Македонија. Тоа е доста голем проект и подолго време ќе трае.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за дополнувањето.

Следното прашање беше упатено до Министерството за земјоделие.

Го молам заменикот министер за земјоделие господинот Дамчевски да одговори.

Дали го следевте прашањето на пратеникот?

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Може и писмено да ми одговорите.

**ЈОРДАН ДАМЧЕВСКИ:**

Писмено ќе се оговори на ова прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Последното прашање беше до Министерството за сообраќај и врски.

Го молам заменик министерот за сообраќај и врски да одговори.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Ми се чини дека ова прашање беше поставено и од двајца други пратеници.

Се работи за тоа каква е состојбата за изградба на третата лента Градско - Прилеп во делот до тунелот до Плетвар, во должина од 12 км. Дали се работи за оваа делница? Ако се работи за оваа делница во годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта за 1999 година не е планирана изградба, односно реконструкција на наведената делница. Ако не се работи за оваа делница, ќе го замолам пратеникот да го прецизира прашањето.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Да се елиминира големиот застој што го има на преминот преку Плетвар.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

За 1999 година не е предвидено, се надеваме дека со промена на Законот и со концесии ќе има можност за наредните години, бидејќи е навистина голем проблем да се надмине, но за оваа 1999 година не е планирано, не е влезено во Програма.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Би имал потпрашање.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Тоа е од буџетските средства, а од странски инвестиции и од ФАРЕ Програма ако нешто во меѓувреме се предвиди, бидејќи се работи за црна точка, се надеваме дека во најскоро време ќе се реши тој проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволен од одговорот?

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Задоволен сум од одговорот, меѓутоа нека биде сфатено како прашање, но и како инсистирање. Оваа делница и оваа комуникација излезот на Битола на правците кон Скопје и сите други места кои се на овој правец е премногу пасивизиран, ефикасноста е премногу пасивизирана, затоа што таа делница не чини и треба максимално сериозно да се пристапи кон ова да се најдат соодветни можности да се реализира што поитно оваа делница. Веќе девет години очигледно премалку е обрнато внимание и не би требало да се случат наредните девет години.

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР:**

Се гледа и од бројот на поставените прашања за оваа делница дека се инсистира и навистина ќе направиме напори во наредниот период да се реши овој проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во тој случај мислам дека ќе биде приоритетно.

Госпоѓата Кипријанова побара збор по ова прашање.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

По однос на прашањето за коридорот 8 се разговара со Европска инвестициона банка, исто така треба да се затвори финансиската конструкција, ќе се работи на коридорот 8 на делницата што е бај пасот околу Скопје и сега се бара уште 25 милиони евра од Европската заедница преку СИ

БИ СИ програмата, која би била по 1999 година и би било нешто од Буџетот.

Според тоа, приоритет ќе биде коридорот 8, имаме од Европска инвестициона банка од ФАРЕ програмата, СИ БИ СИ програмата и дел од она што Македонија ќе го вложи како ресурси.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека господинот пратеник е задоволен.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Да задоволен сум, благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот господин Павле Тодоровски.

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, членови на Влада, почитувани пратеници.

Јас имам прашање до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прво прашање, потребно е да се преиспита или повлече Одлуката на Министерството со која се ограничува закупот на земјоделското земјиште до пет години, а да биде 30 до 40 години, како што регулира Законот за земјоделско земјиште донесен на 27 мај 1998 година.

По овој закон склучени се договори за закуп на земјоделско земјиште со земјоделските комбинати на 30 години. Зошто да не се склучуваат договори за закуп на земјоделско земјиште до 30 години и со индивидуалните земјоделци за да можат да подигаат лозови, овошни и други долгогодишни насади. Ако е пречка не донесениот Закон за денационализација, тогаш предлагам да се покрене постапка за регулирање на оваа материја по законски пат, за закуп на 30 години оти има интерес и од странски фирми.

Второ прашање, да се регулира производството на посадочен материјал за лозарство, овоштарство и други повеќегодишни култури. Сега се субвенционира, увоз од Србија, се одлеваат девизи за неквалитетен посадочен материјал. Ова производство може да се организира кај нас со истата субвенција што ја даваме за увоз и ќе овозможиме вработување на одреден број граѓани. За оваа цел постојат заинтересирани акционерски друштва и коопераnти во општина Кавадарци, Росоман сигурно и во другите општини.

Трето прашање, зошто Владата не го намали водениот надомест за 50% во земјоделието, како што беше најавувано во Програмата, туку само 10%. Ова прашање го поставувам поради Одлуката на Водната заедница во Кавадарци, која ја сопре водата во каналите за Кавадарци и Росоман и веќе неколку дена не можат да садат градинарски култури, а расадот пропаѓа. Ова е поради не измирените долгови на корисниците на вода, а тоа е поради високиот воден надомест. Во Росоман се гради голем капацитет - Фабрика за преработка на градинарски култури. Ако не се посадат градинарски култури, што ќе се преработува?

Значи, проблемот е многу сложен и бара итно решавање.

Водо корисниците не се откажуваат од плаќање на водниот придонес, туку тоа да биде на неколку рати и да се намали неговата висина, оти Росоман и Кавадарци се земјоделски крај и без вода не можат да опстанат. Вода има доволно, но тече по коритото на Црна Река, а не во каналите.

Понатаму имам прашање до министерот за труд и социјална политика.

Од членовите на Здружението на телесно - инвалидизираните лица од VII-та традиционална средба на 12-те општини која се одржа во Кавадарци се поставија многу прашања.

Првото прашање гласеше да се повратат подобностите кои ги имаа пред 1990 година во делот на нивната економско - социјална положба, користење на технички помагала, во делот на комунални услуги, струја, вода, телефон, телевизија и друго, да имаат можност за вработување, а не да бидат први при испуштање по линија на технолошки вишок.

Овие барања ги имаат доставено во писмена форма, јас само барам што е можно побрзо да се решаваат.

Може да се одговори и во писмена форма.

Имам прашање до министерот за финансии дали се укинати давачките кон државата за извоз на лековити билки со Уредба на Владата од 22.02.1999 година, бидејќи почнува сезоната, луѓето сакаат да бидат информирани. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Павле Тодоровски.

Првото прашање кое има неколку потпрашања се однесува на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор господинот заменик министер Дамчевски.

**ЈОРДАН ДАМЧЕВСКИ:**

Бидејќи пратеникот постави неколку прашања до Министерството за земјоделие, должни сме да му одговориме, затоа излегов тука сепак да се гледаме од овде, бидејќи тие прашања се од голем интерес за повеќето пратеници.

Првото прашање се однесува во врска со закупот на земјиштето зошто земјата

се дава на пет години, а не се дава на 30 или 40 години.

Точно дека во Законот стои дека земјата може да се дава не само на пет години, туку и долгорочно, закуп на земјата се врши на 30 до 40 години. Сакам да кажам дека минатата година е донесен закон со кој практично се одзеде земјата од земјоделските стопанства 15%, со цел оние кои не ја обработуваат да се даде на индивидуалните земјоделци да може да се обработува.

Меѓутоа, заради нерасчистени имотно правни односи, заради не донесениот Закон за денационализација, договорено е земјата да се дава на пет години, а да не се дава на закуп на 30 или 40 години. Причината е едноставна и сосема јасна, прво треба да се донесе Законот за денационализација да се расчистат имотно правните односи на оние сопственици на земјата, за да може тој закуп да се дава на повеќе години.

Инаку прашањето на пратеникот од Кавадарци е сосема на место, бидејќи закуп за пет години не може да се дава земја за да се подигнат лозови или овошни насади, сигурно тоа земјиште треба да се дава на подолг закуп.

Второто прашање што се однесува до посадочниот материјал, посебно од лозовите насади кои се уште се обезбедуваат од увоз, а не од домашното производство. Исто така по ова прашање Владата оваа година во својата Програма донесе за поттикнување на домашното производство, односно домашното производство на некој начин да се стимулира, се со цел производителите на посадочниот материјал во Република Македонија да се бават со производство на овој посадочен материјал. Ние цениме дека во Република Македонија посебно во реонот на Кавадарци има добро обучени стручни луѓе земјоделци, кои можат да ја прават таа работа и затоа во нашата Програма, во Програмата за земјоделие има донесено мерки со кои сакаме да се стимулира производството на посадочен материјал и велиме вака:

Оној кој ќе произведе посадочен материјал од кајсија, праска, ќе добие 60 денари по една садница. Оној кој ќе произведе ситно овоштие, односно посадочен материјал ќе добие 20 денари, а за јагода 3 денари од еден садник. Бидејќи се уште ние во Македонија го немаме тоа сме предвиделе стимулации и за оние кои носат од увоз посебно од соседна Југославија, меѓутоа, таа разлика е малку поголема односно таму помалку се предвидуваат стимулации по 40 денари, 15 денари и 2 денари.

Исто така, околу лозарството во нашата Програма стои за оној кој ќе произведе лозови садници од домашно производство предвидуваме 10 денари по една садница, а за увоз 60 денари. Значи, мерките се стимулативни и морам да кажам Владата само оваа година ги има предвидено овие стимулативни мерки се со цел домашното производство на овој посадочен материјал да го добиеме во нашата држава.

Што се однесува до третото прашање за надомест на водата точно е дека Водостопанското претпријатие кое е формирано ја намали цената на водата од 10%. Причините зошто не е намалена цената на водата повеќе од 10 проценти, се едноставни, затоа што во поголем дел таму каде што постојат хидросистеми во Република Македонија не се плаќа водниот надоместок или по информациите што ги добивме од Водостопанското претпријатие некаде 35%. Доколку ова се зголеми до 60% или 50% сигурно цената на водата ќе се намали не само за 10, туку може и 20 и повеќе. За почеток добро е што почна да се намалува цената на водата, но во секој случај треба да се инсистира да се плаќа овој воден надоместок, затоа што привилегија е на оние земјоделци кои произведуваат во реони каде постојат хидросистеми. Мислам дека ќе се овозможи плаќање на рати, јавното претпријатие има предвидено да се исплати во рати и мислам дека со тоа ова прашање ќе биде разрешено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на заменик министерот.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ:**

Задоволен сум и му благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање беше упатено до министерот за труд и социјална политика.

Министерот не го следеше.

Дали можете да го повторите прашањето?

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Воопшто не се слушаше ништо што прашува, во тоа е проблемот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Може да каже министерот дека писмено ќе одговори, но можеби сака усно.

Повелете Тодоровски.

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ:**

Прашањето е од членовите на Здружението на телесно инвалидизираните лица од VII-та традиционална средба на 12-те општини која се одржа во Кавадарци.

Прашањето гласи да им се вратат подобностите што ги имаа пред 1990 година во делот на нивната економско социјална положба, користење на технички помагала во делот на комунални услуги, струја, вода, телефони, да имаат можност за вработување, а не да бидат први при испуштање по линија на технолошки вишок.

Овие барања ги имаат доставено во писмена форма, јас само барам што е можно побрзо да се решат, а може да се одговори и во писмена форма. Прашањата беа поставени на тој собир, а јас бев таму како пратеник и должност ми е да ги изнесам.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Во ред, ова се сугестии кои ќе ги имам во предвид, а одговорот ќе го добиете во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Последното прашање беше поставено до министерот за финансии.

Дали министерот за финансии е тука.

Може потпретседателот на Владата госпоѓата Кипријанова да одговори.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Министерот за финансии не е тука, а ќе се добијат информации за извоз на лековити билки, господинот пратеник ќе 6ицв информиран.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе бидете информиран во писмена форма.

Следниот пријавен пратеник е господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници.

На почетокот сакам да Ви кажам како пратеник од опозицијата, бидејќи немав прилика да учествувам во овој мал театар претходно што беше помеѓу мојот претходен дискутант - колега и заменик министерот за земјоделие на нарачани прашања се дадат подготвени одговори, меѓутоа ќе бидам задоволен на сите мои прашања, доколку ми се достави писмена информација.

Моето прво прашање е до Министерството за образование и се однесува на веќе поставено пратеничко прашање на една од претходните седници околу статусот на нашите студенти што се вратени поради кризата во СРЈ и нивното не запишување на соодветен факултет во РМ, а се наши државјани.

Изминатите денови имавме прилика во дневниот печат да прочитаме дека дефинитивно Владата, кога јас го поставив тоа прашање стана претставник на Владата и рече дури на утрешната седница таа ќе се изјасни, ќе се реши тој статус изминатите денови бевме сведоци дека, Владата донела некаков акт за запишување на факултетите, меѓутоа од контакти што ги остварив вчера и завчера со одредени студенти и родители, сепак тоа прашање е се уште отворено и дури постои чувство кај тие студенти дека се чека да помине јулската сесија, па дупи во септември со почетокот на новата учебна година, тогаш да се решава ова круцијално прашање по нив. Поготово е отворено прашањето околу запишување на студентите на првата година т.е. бруцошите и барам од Владата поточно од Министерството за образование написмено да ми го достави актот со кој се задолжуваат сите факултети да ги запишат овие македонски студенти, кои се вратени во РМ поради војната. Инаку навистина е апсурд да се бара од нив да одат во Белград да носат некакви потврди која година се, колку испити положиле, а приложуваат потребна документација и навистина е во една иста држава на два различни факултети да се бараат различни документи околу регулирање на нивниот статус.

Да го повторам прашањето уште еднаш барам да ми се достави на писмено актот што Владата го донела околу решавање на ова прашање.

Второ, доколку не е решено под итно да се реши, бидејќи ако најдовме просто на бегалците да им организираме настава овде во камповите, мислам дека е неизбежно да прибегнеме кон едно решение за овие наши луѓе вратени од СРЈ.

Второто прашање се однесува исто околу кризата во СРЈ и статусот на некои лица бегалци вратени во РМ кои поради икс причини се избегани од таму и не се наоѓаат во бегалските кампови, туку се сместени по наши фамилии, пријатели, роднини, а по националност се Македонци, а државјани по икс основи на СРЈ. Вакви лица од наши активисти имаме добиено податоци дека само во Кичево ги има преку 30, кои се сместени во блиски фамилии, кои примаат социјална помош, а се уште немаат третман на социјално згрижени лица. Како такви преставуваат огромен товар на домашниот буџет на овие фамилии кои ги имаат сместено и мислам дека под итно Владата треба да пристапи кон решавање на статусот на овие наши Македонци по националност, а државјани на СРЈ сместени во приватни фамилии кај пријатели и роднини да добијат третман на хуманитарно згрижени лица и да добиваат хуманитарна помош, како не би биле оптоварувани домашните буџети кај оние фамилии каде што се сместени.

Барам Владата преку Кризниот штаб го испита вкупниот број на ваквите лица во Македонија и што ќе преземе за решавање на нивниот статус да не се чувствуваат по туѓи од туѓите во РМ во овој момент.

Третото прашање, е до Министерството за спорт и физичка култура, а се однесува на еден немил настан што се случи неодамна во Охрид. Имено, беше закажан еден меѓународен натпревар во професионален бокс помеѓу еден наш и италијански боксер одржан во Спортскиот центар "Билјана" во Охрид. Имено, од информациите што ги имаме од локалните медиуми од сведоци што присуствувале на

тој спортски настан целокупната јавност беше малку вознемирена во Охрид, бидејќи на официјална меѓународна средба на еден спортски натпревар во присуство лично на министерот за спорт и физичка култура, интонирана е Италијанската химна подигнато е Италијанското знаме, што не е случај со интонирање на Македонската химна, ја има испеано еден нарачан пеач и не е подигнато Македонското знаме, туку Партиското знаме.

Дали Владата е запознаена со овој проблем и доколку е запознаена што презела и зошто до сега нема никаква официјална реакција на овој настан во Охрид.

Следното прашање е до Владата на РМ, а се однесува на веќе поставено прашање уште на 11-та седница, од моја страна околу таа така наречена фантомска христијанска конференција во Охрид, јас имам респект спрема обврските на Владата и зафатеноста поради актуелниот безбедносно - политички момент во РМ, со доставувањето на одговорот и пред извесно време пред десетина дена во писмена форма го добив тој одговор на една мала куцана страничка и морам да искажам незадоволство од соодветната информација, бидејќи тогаш поставив децидно прашање кој е организаторот, кој е спонзорот на таа така наречена христијанска конференција во Охрид и дали, она што децидно неколку пати прашав и она што го прашува секој граѓанин од православна вероисповест во Охрид, дали на конференцијата која траела, а МВР признава во информацијата дека траела цели 4 дена, дека таму се држани богослужби во хотелот "Палас", децидно беше прашањето дали има инволвираност од страна на високи функционери во МВР, околу издавање на потребните дозволи и легитимирање на истата конференција во Охрид. Тука во Информацијата ништо не се спомнува и затоа повторно го поставувам ова прашање, бидејќи она што веќе се зборуваше во охридските кулоари неодамна се потврди, бидејќи по враќањето на заменикот министер за надворешни работи од последната посета на САД се поклопува неговата изјава дадена за "Дневник".

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:** (Продолжение)

Да цитирам дел од изјавата: "Добро е во Вашингтон што отидов пред одржувањето на седницата на Комитетот заседаван од сенаторот Мичми Конел".

Во Информацијата пак на Министерството за внатрешни работи стои дека патрон и организатор на Конференцијата во Охрид е точно господин Мичми Конел, инаку конгресмен на Американскиот конгрес. Тоа господо мене ми личи како неколку пратеници овде да се собереме и во Вашингтон да организираме некоја православна конференција и тие тоа да го преќутат. Затоа барам уште еднаш овие информации да се потврдат или негираат. Барам одговор во било каква форма. Подобро е во писмена форма.

Исто така во натамошната изјава се вели дека сенаторот Мичми Конел во разговорот со господинот Трајковски, се уште не може да ги разбере реалните тешкотии со кои се соочува. Македониа и се жали на односот на македонската држава кон бегалците. Нормално дека не може да ги разбере овие состојби во Република Македонија, затоа што сите ние овде заедно на чело со господинот Трајковски многу погрешно го разбрале и го примиле четири дена во Охрид да ни приповеда некакво секташтво таму.

Последното прашање од корпусот на општи прашања се однесува на првото прашање од претходната седница кога почнавме со пратенички прашања, од корпусот прашања поставени за пропадната Авиокомпанија "Палер" од господинот Анушев.

И покрај тоа што мислам на почетокот господинот Спирковски, министер за сообраќај и врски се прогласи за ненадлежен како институција да дава и да полага сметки за состојбата на должничко - доверителните односи за приватни компании, сепак се прифати тоа да се направи. Би замолил ако може тие одговори во писмена форма да ми се достават и на мене.

Кога веќо го отворив процесот "Палер", многу е добро тие писмени одговори во континуитет, натаму како ќе тече процесот перманентно да се доставуваат и до Министерството за внатрешни работи и до Министерството за правосудство.

Кога веќе прифати да изготви една таква информација, додатно прашање во тој дел што барам писмено да ми се достави е. зошто, кој и кога го има стопирано процесот на судска наплата на побарувањата на Јавното претпријатие "Палер - Македонија". Мислам дека е тоа во сегментот на работењето на Министерството, а не да дава колкаво му било салдото на жиро сметката и долговите на приватни компании према одредени субјекти.

Следните две прашања се однесуваат на, а се поставени од страна на моите избирачи од Изборната единица 49.

Првото прашање е до Министерството за урбанизам и градежништво, а се однесува граѓаните од селото Мешеишта. Имено се работи за следното:

На магистралниот пат Охрид - Скопје, на потегот кај селото Мешеишта одамна е предвидено и веќе се изготвени проектите за изградба на еден надвозник, бидејќи после оние несреќни случаеви кои често пати завршуваат многу трагично, тука може да се прогласи и црна точка, затоа одамна се изработени проекти и се влезе дури во физичка реализација на изградба на тој надвозник. Прашањето е: Зошто се стопирани тие работи на надвозникот на потегот на селото Мешеишта на магистралниот пат Охрид - Скопје.

Второто прашање е до истото Министерство, а прашањето е:

Во која фаза се наоѓа проектот за изработка за прибирање на отпадните води во општината Мешеишта, од сите населени места и за внесување на истите во колекторската мрежа за заштита на Охридското Езеро.

Последното прашање се однесува, може да се каже до две министерства и тоа до Министерството за одбрана и Министерството за екологија.

Од една неодамнешна средба во селото Пештани доста граѓани се бунат дека, во периодот меѓу 17,00 и 18,00 часот, скоро секојдневно се забележуваат по неколку хелихоптери од НАТО, кои ниско го надлетуваат Охридското Езеро, дури и чести се случаевите на исфрлање на некои распрскувачи материјали во самото езеро. Дури некои луѓе нудат и касети да се види како сето тоа изгледа, бидејќи сето тоа го има снимено локалното население. Од тие причини мислам дека оние луѓе кои подолго време се занимаваат со рибарство тие велат дека тоа е основната причина што го загадува Охридското Езеро и во последните денови доаѓа до масовен помор на помалите видови риби поготово на плашицата.

Ова прашање се однесува до Министерството за одбрана да испита дали тоа е точно и да им се укаже на НАТО силите да не ги изведуваат тие постојани летови, дали се тренинг летови или не знам во која функција се организирани таму, а од друга страна Министерството за екологија под итно да го провери што се случува со поморот на рибите на плашицата во Охридското Езеро.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Иловски.

Господо пратеници и министри. Ве молам прво исклучете ги мобилните телефони.

Знам дека имате обврски, но од оваа обврска позначајна не би имало.

Инаку со пратениците тоа прашање го расчистивме.

Второ, господо пратеници, министрите се викнати овде не да даваат писмени информации. Тие се повикани да дадат усна информација, а вие ако сакате да ја добиете писмената информација од нивното излагање ќе ви ја доставиме.

Според тоа, дајте и можност да се искажат овде па да водиме полемика, а немојте однапред да кажете писмена информација бараме. Тоа е односот дијалог Влада - Парламент.

Вие сега ни барате за пет прашања одговор во писмена форма.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Не барав јас ништо. Како сакаат така нека ми одговорат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако е така, тоа е нешто друго.

Но, немојте, ако побарате во писмена форма, тогаш можете поинаку да го поставите.

Тоа се однесува и за другите пратеници.

Ако министерот каже дека ќе го добиете одговор во писмена форма, тоа е друго прашање.

Јас тоа ви го кажувам повеќе за да имаме малку динамика.

Според тоа, Вие побаравте господине Илоски прво прашање упатено до министерот за образование и барате одговор во писмена форма.

Јас го молам министерот за образование да се произнесе.

Ако може усно да одговори тоа би било идеално. Ако не тогаш можете да кажете дека одговорот ќе го доставите во писмена форма.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Овде не се однесуваше на одговор да биде во писмена форма. Пратеникот ја бараше одлуката во писмена форма, но очигледно ги измешал работите.

Се работи за одлука на Владата. Значи не е Министерството за образование тоа што ќе ја достави таа одлука. Може да се бара од службите на Владата да ја доставаат таа одлука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Во секој случај ќе добие во писмена форма соодветен одговор по тоа прашање.

**ИЛО ИЛОСКИ:**

Јас го барав писмениот акт на Владата. Не реков кој ќе ми го достави и појаснување што е со статусот на студентите што ги имаат прекинато студиите во прва година.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Што се однесува до студентите од прва година, овде беше забавена доста постапката, со оглед на тоа што не постојат ниту законски основи, ниту пак некои посебни средства, со кој Министерството може да располага за да ги задолжи факултетите да ги преземат овие обврски. Покрај тоа, се знае, овде ситуацијата е сосема специфична.

Се работи токму за оние студенти што студирале на факултети каде што кај нас сите места се пополнети во прва година, Имено Министерството носи план според кој факултетите не смеат да примаат повеќе студенти од она што можат да го обезбедат преку своите просторни, кадровски и други можности, да биде покриено со квалитетна настава. Во тој поглед Министерството не можеше да донесе одлука, со која ќе ги поништи сите одлуки што претходно ги донела и поради тоа беше донесена одлука на Владата од овие вакви одредени притисоци на јавноста, да се задолжат факултетите да ги примат овие студенти и Владата од посебни средства да обезбеди покривање на овие издатоци. Споредбата сега

тука со наставата за бегалците, мислам дека не може да биде издржана, затоа што високото образование не е задолжително, од една страна и друго знаеме, тие студенти биле во една држава, која што е веќе 8 години во војна. Таа не е од вчера во војна. Така да тоа бил нивни избор, но Владата им излегува во пресрет, сепак тоа се наши граѓани, да се помогне. Другата ситуација е изнудена. Тоа се лица кои се избркани од своите домови, а основното образование е задолжително и грижата за бегалците е една грижа која обезбедува и стабилност на државата, да не одат децата по улица, туку да бидат во училиште и да бидат згрижени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник дали сте задоволни од одговорот.

**ИЛО ИЛОСКИ:**

Јас мислам дека е комплетно депласиран овој одговор на министерот за образование и не одговорен во крајна линија дека 8 години била во војна таа држава, тие знаеле каде одат да студираат, затоа што и овие 300.000 кои дојдоа овде знаат дека 8 години се во војна, па сега ни дојдоа. Затоа не да правиме споредби туку треба да направиме...., ова е фактички акт на политичка волја, не да се расправаме пратеници од опозицијата и министри од позицијата.

Мислам дека треба да се најде политички доблест да им се реши проблемот на овие деца, затоа што не е е некој фискален товар на државата, се работи за стотина лица, а од прва година не знам точно, можеби се само десетина. Ако најдеме начин и модус да го организираме комплетното образование во бегалските кампови, дури, ние можеме за 10-15 луѓе, еве и доброволни прилози да собираме па да издржиме, прва и втора година да изучат.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Ако може да го дополнам одговорот.

Бидејќи се работи конкретно за податоците, се работи за студенти кои се во најголем број студенти на факултетите кои веќе се преполнети. На пример фармација треба да се дуплира, има 30 студенти и сега уште 30 нови да се запишат. Тоа е проблемот. Тие се студенти кои овде не можеле да се запишат, затоа што нема доволно можности, отишле на друго место, а сега фактички ќе се дуплира бројот на студентите и прашање е како таа настава воопшто ќе се изведува.

Но, како што реков под притисок на јавноста Владата донесе таква политичка одлука и тоа ќе биде спроведено. Меѓутоа, јас не можам да гарантирам дека тоа ќе биде направено квалитетно, затоа што нашите факултети немаат доволно можности тоа да го направат како што треба.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓата Кипријанова сака да се вклучи во одговорот.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Веќе е кажано. Она што се бара од Владата, Владата го стори. На последната седница на Владата се донесе одлука за студенти од прва година зошто за втора, трета и четврта многу одамна е донесена таква одлука.

Сега бидејќи се среќаваме со проблеми за кои зборуваше министерот за образование, донесовме одлука да биде таа и за прва година, да биде на товар на Владата. Значи политичката волја е тука и мислам на одреден начин тоа ќе биде решено. Средства Владата обезбедува. Тоа е она што навистина се бара од Владата.

**ИЛО ИЛОСКИ:**

Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Министерот веројатно не бил во тек.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање беше упатено до министерот за труд и социјална политика.

Повелете господине Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Точно е дека има одредени државјани на Република Македонија кои привремено работеле во СРЈ и поради настанатите состојби тие ги изгубиле работните места и се наоѓаат овде во нивната матична земја. Постои можност овие лица да бидат опфатени во програмата на хуманитарно згрижени лица, додека не се создадат условите тие да се вратат назад на нивните работни места во СРЈ, можат да ја примаат таа хуманитарна помош што ја примаат сите бегалци кои се во Република Македонија.

Во оваа насока ќе треба да се договорам со претставниците на Црвениот крст на РМ, кои понатаму тоа ќе го проследат до нивните филијали по општините, овие граѓани да се пријават во тие општински црвени крстеви да се евидентираат и редовно да ја примаат таа помош.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратеникот Ило Иловски е задоволен од одговорот.

**ИЛО ИЛОВСКИ:**

Задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање е упатено до Министерството за спорт и млади.

Дали имаме претставник од Министерството за спорт и млади.

Јас не гледам овде дека имаме претставник од тоа Министерство.

Според тоа останува обврска да се одговори во писмена форма на ова прашање.

Дали некој од потпретседателите сака да одговори или да ја прими обврската да се одговори во писмена форма, бидејќи овде не е присутен министерот за спорт и млади.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Министерот беше тука, но еве моментално не е во салата.

Ќе се одговори во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање беше во врска со претходно поставено пратеничко прашање и Вие барате информација од Владата, колку што можев јас да ве сфатам.

Молам Владата да се произнесе дали прифаќа, врз основа на поставеното пратеничко прашаше да подготви информација, која ние овде би ја разгледувале.

Молам, еден од потпретседателите да се произнесе.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Ќе се подготви информација. Беше упатена до Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи.

Пратеникот ќе добие сеопфатна информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

По повод поставеното прашање ќе добиете информација, на која ние овде ќе расправаме.

Следното прашање беше упатено до Министерството за сообраќа и врски.

Дали претставникот од Министерството може да одговори ка поставеното прашање.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Пратеникот и тука инсистираше од министерот Спирковски да добие писмена информација.

**ИЛО ИЛОСКИ:**

Јас само замолив онаа информација околу состојбите на долговите на Компанијата "Палер" што ќе бидат доставени до првиот пратеник, која ја почнавме седницата, што ги постави тие прашања, да биде доставена и до мене.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Ние го прифаќаме тоа барање.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Второ, да се подготви одговор или сега да се одговори, кој кога и зошто го има стопирано процесот на судска наплата на побарувањата на Јавното претпријатие од страна на Компанијата "Палер".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И во тој случај ќе се добие писмена информација и ќе ја разгледате и вие и другиот пратеник, кој што го постави тоа прашање.

Следното прашање е упатено до министерот за урбанизам и градежништво.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Првиот дел од прашањето е за Министерството за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Бидејќи се работи за стар проект, тука јас немам податоци зошто е прекината работата. Сигурно се работи за недостиг на средства.

Попрецизен одговор пратеникот ќе добие во писмена форма.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

За вториот дел од прашањето, да кажам дека во прашање е имплементација на помошта што ја дава германската Влада за колекторскиот систем на Охридското Езеро.

Тоа е таа иста програма. Само се чека време да се реализира.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Од кога ќе биде тоа?

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Таа програма е во фаза на реализација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Последното прашање е упатено до две министерства, Министерството за одбрана и Министерството за екологија.

Министерот за екологија беше тука, излезе, сега не е тука.

Дали министерот за одбрана може да одговори или можеби потпретседателот на Владата, госпоѓата Кипријанова.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Министерството за заштита на животната средина и екологијата, заедно со Хидробиолошкиот институт во Охрид ќе види дали навистина има последици околу одредени видови на риби во Охридското Езеро. Тоа е вториот дел.

Бидејќи не може да се добие одговор, сепак треба да се направи испитување од страна на Хидробиолошкиот институт во Охрид, кој што е опремен за такви видови на истражување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволни од одговорот?

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Значи ќе се достави писмена информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам ако е можно да се поставуваат помалку прашања. Ние можеме да поставиме по 10 прашања и пет дена ќе треба да работиме. Јас не ви го ограничувам тоа право.

Вие имате право на поставување на прашања, само направете селекција на позначајни прашања. Да бидеме порационални. Едно, до две прашања.

Овде имаме поставено 10 пратенички прашања од претходниот пратеник.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас во интерес на времето, ќе бидам краток и експедитивен.

Прашањата се од постар датум, но во тој период не добив соодветни одговори, затоа ги поставувам сега. Тоа е едно прашање со три потпрашања до министерот за внатрешни работи.

Можната инволвираност на тогашни политички функционери, кои што се и сега политички функционери, високи службеници на МВР, пред се во аферите со “бугарските летоци“, аферата “Сина птица“ и аферата “Дувло“ т.е. прислушкувањето на партиските простории на ВМРО-ДПМНЕ. Верувам дека усно не ќе може да ми одговори, затоа би било пожелно во писмена форма да се даде одговор.

И уште едно прашање генерално до Владата, кој е ставот за отварањето на политичките досиеја, затоа што очигледно дека останавме последна земја од бившите социјалистички земји, кои ова прашање воопшто го немаат чепнато.

Еве, јас бев краток, јасен и дециден.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Флоровски за поставените прашања.

Од Министерството за внатрешни работи тој побара во писмена форма да му се одговори.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Доколку може усно да одговори, 6и прифатил.

**ПАВЛЕ ТРАЈАНОВ:**

За првото прашање, бидејќи се работи за период пред мандатот на оваа Влада, потребно е да се обработат сите информации, сознанија, факти што ги има и да се подготви писмен материјал. Така што јас не можам сега да одговорам.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ПАВЛЕ ТРАЈАНОВ:**

Околу второто прашање за така наречените политички досиеја, тоа е во Програмата на Владата ставено како прашање. Се подготвува материјал во Министерството за внатрешни работи, анализа за сите овие досиеја што ги има во МВР.

Се работи за околу 14.000 досиеја. И очекуваме во текот на месец јуни Владата да расправа за тој материјал. Доколку се прифати таа иницијатива на МВР, тогаш ќе се достави информација до Парламентот и ако се добие согласност, тогаш ќе подготвиме закон. Главно е тоа што предвидуваме околу судбината на досиејата три работи. Прво е да се уништат, да нема никакви траги околу тоа за кои лица се воделе тие досиеја.

Второ е, доколку има некои материјали од историска важност да се отстапат на научните институции, на Архивот на Република Македонија.

И трето, ќе се дозволи можност да бидат јавно отворени, но само доколку се сложи лицето за кое се отворило досието, или пак потесен член од неговото семејство доколку лицето за кое е досието починало.

Така што целата работа околу ова е во тек, се подготвува таков материјал во МВР и очекуваме во најскоро време да биде доставен прво до Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Флоровски дали сте задоволни.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Апсолутно да.

Значи договорено е во писмена форма да се одговори во врска со првото прашање.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Природно е најпрво да зборувам за оризот. Доаѓам од средина каде што можам слободно да кажам дека 90% од населението исклучиво се занимава со производство на ориз. Чисто информативно само ќе ви изнесам неколку податоци. Максимално засадените површини досега во Кочани и кочанско се засадени околу 9.675 хектари, односно со жетва од 49 илјади тони ориз, а минимално засадените површини изнесуваат 3.500 хектари, односно 17.500 тони арпа. Ќе ви кажам еден статистички податок. Минатата година се засадени 4.400 хектари од кои се произведени 22.600 тони арпа, односно ориз 11.300 тони. Статистиката покажува дека во Македонија просечно по жител се троши од 4 до 6 кгр. ориз, што малку ме збунува тоа, а Европа троши 8 кгр. Значи на Македонија и се потребни 12.000 тони, а ние минатата година имаме произведено 11.300 тони.

Имам информации дека минатата власт, односно минатите министри за земјоделие со помош на некои нивни соработници со лажни елаборати добивале дозволи за увоз на ориз, додека нашето производство останува во нашите амбари. Значи ние не произведуваме онолку колку што можеме да ги задоволиме потребите на Македонија. Во истата 1998 година имаме извезено 7.000 тони ориз. Па каде е нашиот ориз? Значи останале само 5.000 тони. Тоа апсолутно не може да ги задоволи нашите потреби, а сепак, еве јас ви тврдам најодговорно дека сега во овој момент да појдеме во Кочани ќе најдеме 7 до 8 илјади тони ориз. Значи едноставно она што го произведуваме не го трошиме, едноставно некој не сака нашиот производ да излегува надвор од нашите граници.

Не сум задоволен од изјавата на претставникот на Владата кога кажа дека нашиот ориз е скап и не можеше да влезе во контингентите за бегалците што го организираше НАТО. Не се согласувам со сето тоа дека на нашиот народ ако му се понуди по пониска цена би го дал оризот кој го чува веќе 2 и 3 години. Знаеме колку се откупуваше ориз и сите оние изјави кои ги даваше претходното министерство.

Што се однесува до прашањето на оризопроизводството, значи 50.000 тони ориз, половина бел тоа би биле 25.000, па нека биде и 80 фенинга, тоа се 24 милиони марки. Дали тоа е една сума за потценување? Мислам многу значајна е за нашиот регион. Овие десет илјади хектари, десетици години station наназад, односно од памтивек се произведува ориз, макотрпно производство на култура, тоа се мали парцели со високо развиен хидромелиоративен систем и мрежа за наводнување која е точно наменета само за производство на ориз. Значи нашето население е со механизација исклучиво за преработка на ориз.

Прашањето е, дали Владата гледа интерес во производството на оризовата култура во Кочани и кочанско, или треба сето ова да го уништиме и да почнеме со производство на некои високопродуктивни земјоделски производи, односно како што се тутунот, афионот и производство на катран, кој знаеме дека во Македонија е единствен во светот кој содржи 25, или 26 алкални единици. Тоа е прашањето за оризот.

Второто прашање се однесува на тоа дека минатата година е поднесено барање за уништување на штетници на територијата на Кочани и кочанско, односно на целиот Брегалнички регион. Моментно целите овие површини се наоѓаат, таму владее вистински каламитет, односно права наезда на глодари од типот на андатри и волохари, кои во 1985 година го преполовија производството во Кочани и кочанско. Тоа се случува и сега. Работат и се по продуктивни и од еден комбајн. Досега се проценуваат штети од 20 до 23%, а дури да дојде жетвата оризовите и житните насади ќе бидат уништени повеќе од 50%. Тоа беше задача на минатата Влада, тоа се однесува за 1998 година. Но, сега прашањето е додека има уште време, дали сме во можност да сториме нешто пред жетвата за да ги спасиме овие култури во Кочани и кочанско.

Третото прашање се однесува на тоа кој е статусот на Институтот за ориз во Кочани, кој е научна организација, но мислам дека прашањето за неговиот статус треба да го решат Министерството за наука, Министерството за земјоделие, секако и Министерството за финансии.

Како претседател на Комисијата за сообраќај и врски на минатата седница по предлогот за донесување по итна постапка на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит од Меѓународното здружение за развој по договорот за проект за ургентен увоз на Македонија и се одобрени 3.900.000 специјални права на влечење, односно еквивалент од 15.000.000 долари. Овде настанаа бурни реакции и се крена многу прашина, како повторно со овој кредит ќе ја задолжиме и онака задолжената наша држава.

Моето прашање е, дали на Македонија ништо не и значат 97.000.000 долари кои се потрошени во досегашната изградба на пругата, односно коридорот број 8. Таму имаше три варијанти, да биде во Крива Паланка, Кочани, или Струмица. Само еден податок, од Куманово до границата има 80 км., а од Кочани до граничниот премин има 45 км., преку потегот Бигла, со тоа што од Кочани до Виница е веќе спремена пругата, тоа се 10 км., а и од Бигла до Делчево мислам дека е припремена пругата. Остануваат 16 до 20 км., а овде се прави пруга од 80 км.

Значи на претходната Влада ништо не и значеа 97.000.000 долари потрошени со непотпишана ратификација, никаков договор мислам со соседната земја. Мислам дека секако би требало да има некаков реципроцитет во изградбата, колку е на едната, така и на другата страна. А исто информацијата тие значи ништо не им значат и ги фрлија тие пари.

Барам да се провери целата оваа постапка и дали се овие 97.000.000 долари наменски потрошени. И замислете до крајот на оваа пруга и требаат уште 232.000.000 долари, а верувам дека само со половина од сето тоа ќе го реализираме овој проект преку Кочани. Мислам дека тоа е едно од најоправданите решенија, со тоа што ќе поврзува 2 или 3 населени места Виница, Каменица и Делчево. Тука имаме рударски комплекс, мислам да не зборувам за оправданоста. Значи да се испита целиот проект за железницата која минува преку Крива Паланка и потрошените средства за досегашното реализирање на овој проект.

Третото прашање е барањето поднесено до Владата од приватните превозници, кои партиципираат во градскиот сообраќај за поништување на Одлуката за јавен градски и приградски превоз на патници во град Скопје, која е донесена пред 2 месеци. Со тоа секако се погодени овие приватни авто превозници, бидејќи тие партиципираат по моја проценка некаде до 50% од превозот во градскиот сообраќај.

Мислам дека Градското Собрание требаше да има малку поголем осет да ги ислуша желбите и на овие луѓе кои учествуваат во превозот на патници во Скопје и населените места околу Скопје и да задоволи барем дел од нивните барања. И покрај тоа што во член 43 од Законот за превоз на патничкиот сообраќај кој вели дека, токму овие одлуки ги донесе Градското Собрание, но мислам дека предлог - нацртите кои што беа донесени беа едно, а одлуката беше сосема изменета што создаде голем револт, дури закажување на големи штрајкови против Градското Собрание, но тие беа одложени. Барам одговор од Владата што со барањето на приватните превозници?

До министерот за одбрана, прашањето повеќе 6и се однесувало на претходната Влада, што со луѓето кои изгубија дел од себе, кои војуваа година или година ипол на просторите на бивша Хрватска. Но, бидејќи тие ништо не

направија тоа се однесува сега за нашиот министер, дали ќе превземе нешто за луѓето кои учествуваа во војната на просториte на Хрватска, односно на бивша Југославија, кои на мојата територија ги има повеќе од 47.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Крале Спанчевски.

Колку што јас можам да ги систематизирам прашањата, тој упати прашања од областа на земјоделството и трговијата.

Тука би можеле да одговорат и двајца министри.

Јас го молам најнапред заменикот министер за земјоделие г. Дамчевски да одговори.

**ЈОВАН ДАМЧЕВСКИ:**

Бидејќи прашањата во врска со производството на ориз се комплицирани и доста сложени, мислам дека тука се поврзани дали во Република Македонија во изминатата година е увезен ориз и кој ги давал дозволите.

Мислам дека на ова прашање би требало да се одговори писмено, бидејќи треба да се согледаат одредени податоци и да се види дали навистина е увезен ориз и во колкава количина е увезен.

Исто така за статусот на Кочанскиот институт, ќе одговориме писмено.

Како и на последното прашање појавата на штетниците и превземање мерки за нивно уништување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имавме едно прашање поставено до министерството за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Ми се чини дека и ова е комплексно прашање. Се работи за работа која е почната. Јас имам информации за првобитниот проект што беше предвидено да оди од Бељаковци до Деве Баир. долж старата траса. Не знам сега дали пратеникот мисли на оваа траса или на некоја сосема трета траса.

Ако станува збор за оваа траса, за тоа имам одговор, конкретно за оваа траса. Кога се изработи идејниот проект и излезе во јавност, Министерството за земјоделие и води даде своја забелешка во регионот на пругата со Законот за води, не со овој закон се предвидени за изградба две брани и тоа брана Вакв и брана Глобочица. И се побара да се почитува донесениот Закон.

Министерството за земјоделство организира јавна расправа, преку друштвото на инженери и техничари за настанатиот проблем, бидејќи со идејниот проект беше предвидено тука да помине трасата. После извршени консултации со Министерството за градежништво, сообраќај и врски и Министерството за земјоделие се донесе одлука двете предвидени брани со Закон за води да се почитуваат и македонските железници изработија сега нов идеен проект, со кој пругата се издигна над нивото на водата во идните акумулации.

Вака изработен нов проект беше усвоен и притоа се изготвија и главни проекти, по кои се изведуваат работите на градба на пругата. Значи тие потрошени средства од 93.000.000 долари се однесуваат на трасата, која е сега по новиот проект.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволни од одговорот?

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Зборот ми беше и во тоа дека се работи за километража на овој другиот потег што го спомнав, на половина од веќе дадената, од кај Куманово 80 км. Во Кочани нема ниту 40 км., толку е растојанието до граничниот премин.

Сакам да кажам дека оправданоста на целиот проект која е таму и сега можеби точно се потрошени 93.000.000 во оние грандиозни столбови и т.н. Тоа да се провери, ако е точно, во ред е. Но, целиот проект јас тврдам дека за половина од оние 232,000.000 долари кои требаат за доршување на пругата, со половина сигурно ќе се направи пруга преку Кочани, Виница, Каменица и Делчево. Мислам целиот тој проект да се провери. И тврдам дека е точно ова што го зборувам.

Има податоци кога, кои години има направено тунели, тоа е се спремно и се вика железнички пат од Кочани до Виница до Бигла до Делчево. Тоа е веќе скоро спремно за поставување на трапови и на железнички пруги и таму не треба ниеден мост, ниту еден тунел.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Бидејќи пратеникот инсистира на сеопфатна анализа, значи да се испитаат целите детали околу овој проект. Ќе добиете писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

До г. министер за одбрана има поставено едно прашање.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Точно е дека на повикот на првата Влада да се вратат и да извршат бојкот кон југословенската армија, онаа валкана војна со Словенија, Хрватска, многу наши деца не можеа тоа да го сторат така лесно кои беа поставени на позиции и од нив имаме 47 жртви и 160 инвалиди.

Досега македонските власти не го разрешија тој феномен и тој поим. Ние ја преземаме таа обврска да се види каква е судбината на тие луѓе, тие против својата волја се ставија во канџите на тогашната Југословенска армија и реално се инвалиди. Јас добивав многу писма од такви војници, кои денес се наши инвалиди и чинам дека е мошне интересно прашањето и ќе се обидеме да го истражиме тој феномен на воените инвалиди, за да се разреши нивниот статус.

Затоа ќе биде потребен еден период на истражување и ќе ја информираме Владата за состојбите за тие лица.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Имав уште едно прашање. Тоа беше за приватните авто – превозници, кои учествуваат во градскиот сообраќај на Град Скопје.

Не ми е одговорено на тоа прашање што се презема.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

До министерот за сообраќај и врски го имате упатено тоа прашање.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Нашето министерство за ова прашање треба да даде мислење, а Владата треба да одлучи за сите проблеми во врска со ова прашање, бидејќи и пратеникот рече дека оваа област е во надлежност на Советот на општината.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, во тој случај во писмена форма ќе добиете одговор.

Со тоа мислам дека се исцрпени Вашите прашање, г-дин Спанчевски.

Сега на ред е г-динот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани господа членови на Владата, драги колеги, дозволете ми да поставам четири прашања.

Првото прашање е упатено до Владата во целина.

По повод реконструкцијата на вилата во населбата Водно, во која е сместен "екс официо" премиерот на Република Македонија прашувам: Дали по повод реконструкцијата, која се изврши оваа година по добивањето, односно по изборот на новата Влада, имаше извршена јавна лицитација за работите кои се вршеа таму, ако немаше зошто не се изведе јавна лицитација согласно Законот. Кои фирми се изведувачи на работите во реконструкцијата на вилата, колку вкупно пари за оваа намена се предвидени и колку пари вкупно и по одделни фирми се исплатени за оваа намена од страна на Владата.

Со оглед дека прашањето бара и финансиски податоци, доколку не е можно усмено, ќе прифатам одговор во писмена форма.

Второто прашање е до Министерството за млади и спорт, меѓутоа, заради надлежноста и до Владата во целина.

Од почетокот на работата на оваа Влада и од конституирањето на Парламентот колку спортски сали во Република Македонија се започнати со изградба и колку се изградени до денешен ден.

Третото прашање е до Министерството за локална самоуправа или до Министерството за правда, алтернативно како ќе се договорат да одговорат.

Од кои причини Владата уште на почетокот на јануари, не констатира дека мандатот на градоначалникот на општина Кисела Вода му е престанат, а особено и после изборот за министер во ова Собрание и кога Владата мисли да донесе одлука дека мандатот на г-динот градоначалник веќе е престанат.

И четвртото прашање до Министерството за внатрешни работи гласи: Врз основа на кои законски одредби и други акти или врз основа на кои вообичаени норми, се испишуваат имињата на населените места во личните документи на граѓаните на Република Македонија, лична карта, пасош и друго, особено на оние места кои не се во составот на нашата држава, а за кои имаме различно име од она што е во употреба во односната држава.

Со оглед дека министерот не е тука, ќе прифатам и писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Можеби го слуша некаде министерот прашањето, па во меѓувреме ќе дојде.

Имате прво прашање до Владата, на кое поради потребата од по сестрана анализа и податоци, молам, Владата да одговори дали прифаќа да даде одговор во писмена форма.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Бидејќи се работи за финансиски податоци, кои треба да се проверат, Владата писмено ќе го информира г-динот пратеник.

Исто така и за прашањето колку спортски сали се започнати, има програма и таа се реализира, пратеникот ќе биде информиран.

Четвртото прашање е упатено до министерот за внатрешни работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, тука се веќе министрите, дојдени се.

Имаме и прашање до министерот за локална самоуправа, односно министерот за правда, било кој од нив да одговори.

Околу ова прашање имаме претставник на Министерството за локална самоуправа.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

На ова поставено прашање од г-динот Никола Поповски, да одговорам дека ресорното министерство за Локална самоуправа поведе постапка и за разрешувањето на проблемот со градоначалник на Општината Кисела Вода и е во тек, а барањето е доставено до службите на Владата.

Може и писмено да се одговори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали г-динот пратеник е задоволен од одговорот?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дин претседател, со оглед дека одговорот во овој момент има повеќе технички карактер отколку суштински, по основ на кој е

поставено прашањето, ќе молам писмено да ми се достави одговорот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе добиете.

Конечно, имаме прашање до министерот за внатрешни работи, кој е тука и може да одговори.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ако сакате, можам да го прочитам уште еднаш прашањето, кратко е, доколку не го слушна министерот, беше излезен.

**ПАВЛЕ ТРАЈАНОВ:**

Го слушнав прашањето, но ако може да се дополни со конкретен пример за да го проучиме тој проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да го конкретизирате, ако сакате, прашањето за да се проучи проблемот.

Вред, можете да го прочитате и да го конкретизирате.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Прашувам врз основа на кои законски и други акти или врз основа на кои вообичаени норми Министерството за внатрешни работи ги испишува имињата на населените места во личните документи на граѓаните на РМ, лични карти, пасоши и друго, а за оние населени места во кои се родени, кои не се сега во составот на нашата држава, но во државата во која се наоѓаат имаат различни имиња од нашите.

На пример дали ако некој е роден во Воден, Министерството за внатрешни работи на личната карта, пасошот и друго испишува Воден или соодветното грчко име и ако тоа го прави врз основа на кои законски одредби и други акти или врз основана на кои вообичаени норми го прави тоа.

**ПАВЛЕ ТРАЈАНОВ:**

Ќе му одговориме на г-динот пратеник во писмена форма.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе Ви одговориме во писмена форма.

Според тоа исцрпени се Вашите прашања.

Сега збор има г-ѓата пратеник Диспина Марковска.

**ДИСПИНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, сакам да ги поставам следните прашања.

Во општините Берово, Пехчево и Блатец во активен стечај се десетина претпријатија во општествена сопственост. Главни актери биле и денес се во стечајните постапки, стечајните судии и стечајните управници од старата номенклатура. Истите стечајни управници, воедно, во минатото, дел од нив, беа и директори на соодветните фирми. Во предизборната кампања најголемо негодување и незадоволство од народот беше упатувано токму на тие личности, бидејќи народот имаше сознание дека имотот на фирмите го раскрчмуваат и разграбуваат, а стечаите претставуваат долги процеси во неизвесност и бесконечност по повеќе години.

Моето прашање е: Што ќе се преземе со нив во најкраток можен рок, бидејќи стечајните работници се при крајот на трпеливоста со таквото неизвесно и криминално работење.

Второ прашање сакам да поставам и да го упатам до министерот за труд и социјална политика, а тоа е четиригодишното и веќе од јануари оваа година петта година, актуелниот проблем на пензионерите за 8% исплатување на оние кои се пензионирани до 1995 година.

Имено, Законот донесен во декември 1994 година направи голема неправда спрема оние пензионирани лица дотогаш, за разлика од оние кои се пензионираа од 1995 година. Дали бројката е 15 илјади или 16 илјади, не е битно, но тие ги примаат 8-те % во основицата на своите пензии, плус наградата од СДСМ од 10%, ветени пред изборите и годинава од јануари тековните блиску 2%.

Во предизборната кампања најчести прашања од пензионерите во мојата изборна единица на сите трибини ширум нашата држава беше поставен проблемот на пензионерите, зошто е таа неправда за нив пензионирани до 1995 година и оние пензионирани од 1995 година наваму да бидат привилегирани.

Моето прашање се однесува на следното: Кога во најкус временски рок Врховниот суд ќе ја донесе одлуката за разрешување на овој проблем за да се надмине подвоеноста на пензионерите во нашата држава.

Третото прашање ми е следното: Фабриката за производство на ѕидни плочки во Пехчево изградена е пред 15 години со учество на странски капитал, за да произведува ѕидни, а потоа и подни плочки. Активирана е на два пати како не рентабилна, делумно поради не усвоена технологија, а делумно поради не освоен пазар и енергетската криза со нафтените деривати со над 240 отпуштени работници. Со судско решение имотот е преотстапен на Стопанска банка, каде учеството е 72% на Стопанска банка - Централа Скопје и 28% Стопанска банка -Берово. Имаме сознание дека државата презема 50% од кредитите, бидејќи има странски кредит и 50% се пренесени средствата во Агенцијата за санација на банки, со оглед на тоа што со последните застарени проценки, кои се околу 5 милиони германски марки, а подрачјето очекува и има надеж за рестарт на претпријатието, сакам да знам и прашувам какви се намерите со Агенцијата за санација на банки, банките и статусот на овие претпријатија.

И уште едно прашање имам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Намерата на сите прописи донесени досега е да ја активираме запоставеноста на земјоделските површини во така наречените земјоделски комбинати. Сведоци сме на финансиската истрошеност, а поради недостигот на мали средства стојат површини, хектари од површини од различни култури кои се запоставени.

Сметам дека со мали средства ова може да се отстрани.

Дали има можност да се добијат средства за оваа намена.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на пратеничката Марковска.

Првото прашање е упатено, според она што можам јас да проценам до министерот за правда.

**ДИСПИНА МАРКОВСКА:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Камбовски.

Ќе Ве молам вклучете го микрофонот.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Вклучен е. Патем да забележам г-дине претседател дека озвучувањето е многу лошо и внатре и надвор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа е веќе прашање на техника и веројатно ќе се исправи и внатре и надвор, а особено кога говорите Вие од овде (покажува кон делот, каде што седат претставниците на Владата), јас многу слабо слушам и се напрегам, но веројатно ќе се исправи со текот на време.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Министерството за правда, во рамките на својата надлежност, ќе побара информација од надлежниот суд и врз основа на таа информација ќе подготви писмен одговор до пратеничката.

**ДИСПИКА МАРКОВСКА:**

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Второто прашање го упативте до министерот за труд и социјална политика и го молам г-динот Бедредин Ибраими да земе збор.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Оние 8% на пензионерите во одреден период ја разбрануваа јавноста во Република Македонија, особено пензионерите. Г-ѓата пратеничка многу убаво наведе пример на дискриминација меѓу пензионерите, односно пензионерите кои стекнале право пред 1993 година и тие после тоа и тоа е еден од многуте аргументи што Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување покрена иницијатива пред редовниот суд и пред Јавното обвинителство на РМ, да се покрене постапка за заштита на законитоста на Одлуката донесена од Уставниот суд, која го признава правото на 8% на пензионерите.

Значи, еден од тие аргументи за укинување на оваа Одлука, за преиспитување на оваа Одлука е токму дискриминацијата која се прави меѓу пензионерите кои стекнале право на пензија порано и тие после донесувањето на законот. Очекуваме Јавниот обвинител на РМ да се изјасни по оваа иницијатива и верувам дека таа иницијатива ќе се покрене и Врховниот суд ќе има прилика на општа седница да се изјасни по иницијативата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

**ДИСПИНА МАРКОВСКА:**

Благодарам, задоволна сум од одговорот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање го упативте, бидејќи се работи за агенции, мислам дека Министерството за финансии е најблиску до Агенцијата за приватизација или во тој случај Владата би требало да одговори на тоа прашање. Дали може министерот за финансии да одговори на прашањето?

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Писмено ќе одговориме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе добиете одговор во писмена форма.

**ДИСПИНА МАРКОВСКА:**

Добро, благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И четвртото прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**ЈОВАН ДАМЧЕВСКИ:**

На ова прашање Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе одговори писмено.

**ДИСПИНА МАРКОВСКА:**

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-ѓо пратеничке, Вие во писмена форма ќе го добиете одговорот.

Осмиот пријавен кандидат, односно деветтиот е Горанчо Лазов.

**ГОРАНЧО ЛАЗОВ:**

Почитуван претседател, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници, имав неколку кратки прашања, се надевам и одговорите ќе бидат кратки и јасни.

Првото прашање е многу важно за Градот од каде доаѓам, Градот Велес.

Имено, се работи за Хидросистем "Лисиче", односно за браната која веќе е започната да се гради со самопридонес на

граѓаните од град Велес и веќе е изградена околу 50%.

Меѓутоа, за жал, работите престанаа односно изградбата стагнира.

Со оглед на тоа што со Законот за води сите брани преминаа во сопственост на државата, имам кратко прашање што презема Владата или што ќе преземе за доизградба на Хидросистемот "Лисиче"? Ова прашање најверојатно е до министерот за урбанизам.

Второто прашање се однесува и е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Имено, ме интересира мене, а сигурно и сточарите до каде се преговорите со Европската заедница, околу симнување на забраните за извоз на јагнешко место, односно се работи за лигавка и шап, сите знаеме дека оваа година македонското јагне остана на нашите пазари. Ме интересира дали идната година, бидејќи оваа година веќе помина, производителите на јагне ќе можат да имаат гарантирана цена и гарантиран откуп.

Исто така, слично е и прашањето што се презема за извоз на земјоделските производи, со оглед на тоа што сега набрзо ќе пристигне и производството на бостан и други земјоделски производи, ќе се затрупаат пазарите во Македонија. Па затоа ќе биде неопходно потребно да се бара извоз.

Ме интересира дали Министерството за земјоделство презема одредени активности за извоз на овие производи.

И трето прашање кое сега го добив се однесува ка Министерството за сообраќај и врски. Дали се планира поставување на базна станица за мобилна телефонија па Клепа и кога тоа ќе се направи. Сега практично Велес и Велешко, вклучувајќи го и автопатот од Пчиња до Стоби е не покриен со сигнал и нема чујност на мобилните телефони. Со поставување на базна станица на Клепа не само што ќе се покрие тој дел од автопатот, туку ќе се покрие и голем дел од Азот и Извор и дел од левата страна на Вардар и дел од патот за Прилеп односно Велес - Прилеп.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Лазов Горанчо за поставените прашања.

Првото прашање е упатено до Владата односно до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, тоа е за браната Лисиче или министерот за урбанизам ќе одговори.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Напротив, Владата не се откажала од Хидросистемот "Лисиче". Има одлука и на Владата да се помине во програма на финансирање на тој систем од буџетски средства. Тие средства со Буџетот од оваа година се предвидени и тие се околу 27 милиони. Тие пари ќе бидат употребени да се подмират некои долгови за досегашните градежни работи на градежните фирми што ги изведуваат.

За останатиот градежен зафат Владата веќе преговара со австриската фирма за кредитирање на изградбата на Хидросистемот "Лисиче".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

**ГОРАНЧО ЛАЗОВ:**

Јас му благодарам на министерот, се надевам дека ќе се забрза постапката со оглед на тоа што градежните работи, односно временскиот период може да истече сезоната за градежни работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање беше упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор заменикот министер Јован Дамчевски.

**ЈОВАН ДАМЧЕВСКИ:**

Што се однесува до извозот на јагнешкото месо Република Македонија веќе неколку години ја потресува овој проблем, посебно сточарите кои се занимаваат со одгледување на јагниња, односно овци, овчарството, бидејќи навистина, Република Македонија е земја во која е прогласена лигавката и шапот.

Меѓутоа, морам да кажам, после правење големи напори од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство оваа година, мислам дека кажа и пратеникот, не го бара тоа, не може да има извоз. Меѓутоа, за наредната година направени се чекори и мислам дека ќе биде симната ембаргото, во врска со извозот на јагнешко месо. Останува на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да направи се она што бара Европската заедница, во однос на обележувањето и водењето на матичното книговодство. Мислам дека Министерството ќе се организира, тоа ќе го направи и да не биде тоа пречка за другата година да не може да се извезува јагнешко месо.

Во оваа прилика сакам тоа да го образложам, од причини што ако не се изврши тоа одбележување на нашата стока, бидејќи сега каква е состојбата во Република Македонија, особено со приливот на бегалците и со се уште да речам недоволно од аспект на влегување стока од соседните земји, можеме ние повторно да бидеме ставени пред една состојба да не можеме да извезуваме јагнешко месо. Мислам дека одбележувањето ќе се изврши оваа година и за идната година јагнешкото месо ќе се најде на европските пазари.

Што се однесува до второто прашање за извоз на земјоделски производи, посебно беше спомнат бостанот и другите градинарски

производи, навистина се најдовме во една тешкотија, иако дел на земјоделски производи се извезуваат на пазарите на Европа, посебно во Словенија и Хрватска, пазарот во соседна Југославија, каде доста извезувавме од земјоделските производи, сега од причините на сите познати, не можеме да го користиме тој пазар, меѓутоа ја користам можноста да спомнам дека не би требале, особено оние кои известуваат, во Македонија да правиме драми и она што се случува и она што не се случува. Затоа што можат со тие наши, да речам кажувања, утре некој да каже дека Македонија е земја која се наоѓа, како она што беше со Чернобил, дека Македонија е земја која навистина земјоделските производи се заразени и не можат да се извезуваат на пазарите.

Затоа, ја користам можноста да замолам тоа да се има предвид, бидејќи секој утре може да покаже со прст и да се најде на некоја црна листа да не може да се извезува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник дали сте задоволен од одговорот?

**ГОРАНЧО ЛАЗОВ:**

Да, задоволен сум од одговорот и благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаше прашање поставено до Министерството за сообраќај и врски, до заменикот министер.

**ГОРАНЧО ЛАЗОВ:**

Ако нема информација, може и писмено да се одговори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Скоро сите користиме мобилен телефон. Сите сме забележале дека покриеноста со радио таласи не е секаде на задоволително ниво.

Бидејќи се работи за доста профитабилна гранка, се надевам дека и во конкретниот регион, што беше поставено пратеничкото прашање, во другите региони доста брзо во наредната фаза ќе се решаваат овие проблеми и соодветно ќе биде покриено и тоа подрачје.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратеникот е задоволен?

**ГОРАНЧО ЛАЗОВ:**

Благодарам на одговорот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следниот пријавен пратеник е г. пратеник Стојменов Златко.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, јас имам две прашања.

Првото прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, воедно и до Министерството за екологија и се надевам дека со поставувањето на ова прашање ќе се иницира решавање на еден проблем што е и те како значаен, важен и болен за местото од каде што доаѓа од избирачката единица од градот Штип.

Имено, се работи за би рекол еколошка и биолошка димензија на проблемот на реката Лакавица. Реката Лакавица со години по изградувањето на Браната “Мантово" е без вода. За да го појаснам проблемот би сакал да кажам дека тоа е река на која има неколку населби, села кои се во постојано отселување на младите жители на селата. Исто така, реката, од правецот кон Радовиш, за оние кои не ја знаат, и што се влива на 5-6 километри во реката Брегалница пред Штип и тука беше едно излетничко место за граѓаните на градот Штип, место со убава природа, место со своја флора и фауна што со години, откако ја нема таа река исчезнува.

Проблемот е настанат од изградувањето на браната и можеби се работи за грешка, повторувам за грешка на градот Штип кога не учествуваше во изградбата на браната “Мантово". Меѓутоа, се чини дека градот Штип превисоко ја плаќа цената со немање на вода. При изградбата на браната е договорено да се обезбеди биолошки минимум на испист на вода, меѓутоа очигледно тој договор важел 3 до 4 години по градењето на браната. Сега, едноставно по 7 - 8 месеци, особено во топлите месеци реката едноставно ја нема. Се она што беше околу неа е изменето.

Суштината на проблемот е околу тој биолошки минимум на испустот на водата од истата брана, што едноставно не се случува постојано сите овие години. Навистина, јас би рекол дека ние сме сведоци на едно злосторство кон природата. Затоа дел од прашањето е упатено и кон Министерството за екологија.

Прашањето упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е следно - дали и како Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство планира и размислува да учествува во решавањето на овој проблем и во кој временски период може да учествува во решавањето на проблемот, односно во решавањето на потребниот минимум на вода од испустот и каде и проблемот во застојот на тој минимум да биде во функција.

Бидејќи се работи за податоци би сакал писмено да ми се одговори каква е

состојбата со испустот и дали и како е контролирана во последните пет години.

Што се однесува до Министерството за екологија, за истиот проблем - дали е тоа запознаено прво со проблемот и дали и што мисли да преземе за еколошката состојба во овој регион, бидејќи јас се надевам дека сепак еден ваков релативно мал период за промена на еколошката состојба, се уште не е доцна за да се променат овие состојби и да се врати поранешната еколошка состојба.

До истото министерство, - дали може да се вклучи во решавање и иницирање на проблемот и држење на тензија околу овој проблем.

Тоа е моето прво прашање.

Второто прашање е упатено до Министерството за градежништво, урбанизам и е еден локален проблем, актуелен за градот Штип, меѓутоа актуелен и за градовите Свети Николе, Пробиштип и Кратово, бидејќи се работи за ХС "Злетовица".

Имено, според информациите присутни во локалната самоуправа, покажано е дека има проект. Тој е кај мене. Тоа го знае и Министерството за градежништво. Покажана е и иницијатива од страна на јапонската Влада, за вложување средства, според наши сознанија околу 20 милиони долари, јас не знам колку се точни тие податоци, во оваа брана, меѓутоа потребен е и финансиски дел од нашата Влада.

Моето прашање се однесува дали е во тек разгледување на овој проект во Министерството за градежништво и урбанизам и ако е, во кој временски период се планира да се реализира? Дали за тоа веќе има финансиски средства.

Како додаток да кажам, ако се изгради еден ваков систем, предвидени се и изградба на електрани на него, ХЕЦ, со што би се решило прво водоснабдувањето во сите четири општини, за туристичкиот дел да не спомнувам дека би бил поволен за сите нас, а и водоснабдувањето и електричната енергија би се решиле.

Благодарам, тоа се моите прашања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојменов Златко.

Првото прашање се однесување на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор г. заменик министер Јован Дамчевски.

**ЈОВАН ДАМЧЕВСКИ:**

Бидејќи е побаран писмен одговор од страна на пратеникот писмено ќе му одговориме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа е поврзано и со екологијата.

Повелете госпоѓо Кипријанова.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Одговорот ќе се добие заедно од Министерството за екологија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, затоа што навистина не гледам дека не може да биде решен проблемот. Со законска регулатива има биолошки минимум за испуст на вода од одредени брани или за сливови од една земја во друга.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволни г. Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Само сакам да кажам дека проблемот го иницирам поради не почитување на биолошкиот минимум. Застојот е меѓу општините Радовиш и Штип. Радовиш стопанисува, така како што е регулирано и тие учествуваа со голем дел во изградбата на браната и сега делот кон Штип кој истекува до Брегалница, не се пушта биолошкиот минимум веќе подолги години. Во почетокот е испуштан тој биолошки минимум, воден биолошки минимум, со некои пумпи, а се претпоставува дека отворот за биолошки минимум, поради што барам писмен одговор или писмена информација, е заѕидан. Би сакал да видиме каква е состојбата и на кој начин можеме да го решиме овој проблем.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Добро, ќе се сними состојбата и ќе се даде одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе добиете комплетен одговор од двете министерства.

Конечно имавте едно прашање упатено до Министерството за градежништво и урбанизам.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Во дел на прашањето се содржи доста од одговорот на тоа исто прашање.

Проектот “Злетовица" е стар три години. Изработени се пред студии од страна на Јапонската Влада. Се работи за грант кој се уште не е одобрен од страна на Јапонската Влада. Тие доаѓаат во Министерството за урбанизам, имаме контакти. Од нив зависи кога ќе почне реализацијата.

Резервни проекти со други влади не можеме да правиме, затоа што во случај да имаме некој друг пред проект со некоја друга Влада или ФАРЕ програмата, тогаш Јапонската Владата веднаш би се откажала. Јапонците се споро, меѓутоа сигурни. Така што трпение, не знам што друго да ви одговорам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Стојменов, задоволни сте?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Значи, да очекуваме позитивно решавање на проблемот, кога ќе го реши Јапонската Влада. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следниот пратеник кој сака да постави прашање е г. Ружин Нано.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници и министри, јас имам шест прашања за пет министерства, со тоа што прашањето што го поттикна пратеникот Марковска Деспина и јас се придружувам кон тоа прашање односно околу исплаќањето на 8%, на пензионерите меѓутоа барам одредени прецизности.

Имено, како што знаете на 26 март министерот за финансии кој е тука, изјави дека 8% ќе бидат исплатени со априлските пензии. Денеска е месец мај. Од друга страна во одговорот се вели дека постои постапка за заштита на законитоста пред Врховниот суд.

Дали тоа значи дека, доколку конечниот исход од оваа постапка биде негативен за пензионерите, односно за нивните 8%, дека тие 8% нема да бидат исплатени на пензионерите?

Две прашања до министерот за труд и социјална политика:

- Денеска во Вечер" и некни на телевизија, господин Тупурковски изјави дека има решение за 10 илјади социјални вработувања во Тајван. Сакам да прашам дали се тоа истите оние 10, со кои се калкулираше и за кои министерот за труд при отфрлањето на Законот за зголемувањето на вработувањето ги спомна или се работи за сосема друга работа, во што лично не верувам, бидејќи да пренесете 10 илјади луѓе со семејства на другата страна од светот, тоа е една мошне специфична социјална политика, односно социјална економска културна и каква не операција што бара и време и менталитет итн. На пример тие луѓе би требало да имаат одреден статус, бидејќи не е како во времето кога градежна фирма работеше во Ирак и Иран, туку, тоа е луѓето кои биле распоредени на разни места би требале да имаат одреден државен статус во таа држава, во случај на кривична пријава и т.н. Тоа ми е прашањето.

Второто прашаше се однесува на бегалците. Во неколку контакти со министерот, но и на иницијатива на студенти од Институтот за социјална работа, како и на невладини организации, се понудија доброволно или полу доброволно да се ангажираат во бегалските кампови, со оглед на природата што ја работат како социјални работници.

За жал, морам да констатирам дека од тие студенти само студентите од Албанска националност беа примени. Мислам дека е ова добра можност за она што велиме сожителство или соживот да го потврдиме со оваа работа. Јас лично се обратив на министерот, некои студенти лично отишле и им е кажано дека, бидејќи не се Албанци или не го знаат албанскиот јазик, не можат да бидат ангажирани.

За тоа барам информација колку млади или воопшто луѓе од македонската националност се ангажирани во невладините организации, околу овие бегалски кампови.

Прашање до Министерството за градежништво и урбанизам, прашањето произлегува исто така со студенти и социјални работници од теренот, кои се соочуваат со прашања на луѓе кои веруваат дека веќе 10 илјади станови биле изградени и бараат тие станови да им се доделат.

Се сеќаваме на иницијативата дека ќе бидат изградени 10 илјади станови со помош на австралиски капитал 40 милиони долари, 40 милиони долари од ОН и 20 милиони долари од Владата на Република Македонија. Меѓутоа, во последно време воопшто не се зборува за таа иницијатива, до каде е дојдено со таа иницијатива?

Имам прашање до министерот за образование - на иницијатива на 30-тина мајки чии дечиња прво одделенчиња, кандидати за прво одделение, го поминале првиот тест за запишување. Сега повторно им се бара втор тест за запишување, со тоа што треба да платат околу три илјади денари. Самите бараат објаснување зошто е тоа така и дали мора тоа да го поминат.

Последното прашање е од еколошка природа, до министерот за екологија, бидејќи има убава идеја, но сепак луѓето од Дојран таа идеја не ја познаваат иако им била ветена, се работи за “Акцијата за спасот на Дојранското Езеро".

Пред два месеци министерот ветил дека ќе се отпочне со работа околу тоа, меѓутоа засега немаме никаков одговор. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Ружин Нано.

Имаме прашање поставено до министерот за труд и социјална политика.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Во однос на 8-те проценти мислам дека одговорив на прашањето поставено од госпоѓата пратеничка Деспина и таа беше задоволна. Ако г. пратеник Нано Ружин повторно тоа го покренува, јас повторно можам да од одговорам. Одговорот е ист фактички.

Овде не се работи за висина колку средства треба за да се исплатат тие 8%, туку се работи за начелно прашање, дали пензионерите имаат право на тие 8% или не.

Висината е ирелевантна, иако е огромна цифра, некаде околу 720 милиони германски марки, туку се работи само за правото дали имаат право на тие 8% или не.

Во однос на второто прашање во врска со изјавата на г. Васил Тупурковски околу вработување на 10 илјади наши граѓани во Тајван, тоа нема никаква врска со најавата од страна на Владата за вработување на 10 илјади социјални случаи. Тоа е изјава на г. Васил Тупурковски и тука не гледам ништо штетно. И така граѓани од Република Македонија привремено се на работа низ целиот свет и нема ништо лошо ако се успее да се обезбеди работа и во овој дел на светот за кој велите дека е многу далеку различен по менталитет и т.н., што значи дека тоа ќе остане на избор на граѓаните дали сакаат да одат таму или не.

Значи, иницијативата ја оценувам сепак како позитивна да се обезбедат тие места, а граѓаните, односно на нив останува да изберат дали ќе одат да работат таму или не.

Во однос на третото прашање во камповите точно е дека има добиено од неколку барања и од Институтот за социолошки истражувања и од Сојузот на синдикатите на Република Македонија, особено студентите од Скопскиот универзитет и на сите тие барања позитивно сум одговорил и сум одобрил да се организираат и да влезат во камповите и да поработат со бегалците. Не е точно тоа дека јас сум инсистирал таму да бидат Албанци вработени. Само да довршам, удоволено е на еден институт научен, кој најверојатно оцени кој кадар треба таму да биде ангажиран. Најверојатно, таа нивна одлука е донесена врз основа на нивни научни истражувања. Значи, што им треба на тие луѓе после тие тешки трауми кои ги поминале додека стигнале во Македонија од Косово и најверојатно тие оцениле дека таму треба да се ангажираат студенти кои го знаат албанскиот јазик. И, тука нема ништо лошо, не гледам ништо лошо во тоа.

Исто така, во центарот за социјални работи во Скопје се работи на проект кој ќе ангажира социјални работници да работат со бегалците. Значи, сите барања упатени до Министерството од овие институции, од овие сојузи се удоволени и нивен е изборот кои луѓе ќе ги испратат таму. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во контекст на ова прашање господинот министер за финансии сака да одговори.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, во врска со прашањето за 8% на пензионерите, иако се даде одговор од правен аспект на ова прашање, јас бев повикан и спомнат дека еве јас сум разговарал и овде сум ветил дека 8% пензионерите ќе добијат. Морам да кажам дека ова прашање е, пред се, и правно од аспект на правниот аспект на тоа прашање јас нема да зборувам, тоа прашаше има и политичка и економска димензија, па ќе зборувам повеќе за економските, а не за политичките димензии.

Со оглед на тоа што ние пројавивме една добра волја како Влада, како министер за финансии да се најде начин да се излезе во пресрет па пензионерите во рамките па расположивите средства кои ги има Буџетот на Македонија за 1999 година, јас извршив разговори со претставници на пензионерите на Македонија и се договоривме во врска со тоа прашање да изнајдеме средства и во тој поглед дел од тие 8% да им се дадат на пензионерите. Тоа е уште при крајот на март пред почетокот на кризата во Кососво. Ние, исто така формиравме и комисија, заедничка комисија со претставници од страна на пензионерите и комисија членови од Министерството за финансии, за да издвојат средства за да им се даде тој дел од 8% на пензионерите. Настана оваа косовска криза, комисијата работи, меѓутоа помалку тоа прашање не е од таков интензитет како што беше предвидено, но на него се работи. Тоа прашање беше поставено и јас истакнав дека за ова прашање мора и консултации со Меѓународниот монетарен фонд, па дури и малку метафорично кажав дека прво треба да си отиде Меѓународниот монетарен фонд, па после да се исплатат пвие 8%. Тоа прашање е поставено заедно со Меѓународниот монетарен фонд и во рамките на ново настанатите услови о Македонија со косовската криза по правење на новиот ребаланс на буџетот за 1999 година, ние мислиме дека и ќе најдеме средства дел од тие 8% на пензионерите да им се исплатат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за финансии.

За збор се јави господинот пратеник Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Пред се, кога ги поставив прашањата не мислев лично да бидете.... со тоа прашање, меѓутоа прво тие 8% беа навистина дел од политичката кампања. И сите веруваа во тие 8%.

Втора работа, по однос на бегалците, не се однесува на Вас господине министер дали вие лично ги прифаќате или студентите и сите доброчинители кои сакаат па помогнат на луѓето. Се однесува можеби на хиерархијата, бидејќи верувајте имаме конкретни студенти луѓе кои што сакаа да помогнат чисто во име на оваа, би кажал, хуманитарна идеја, независно од разликите етнички, религиозни и т.н. Така што нашата иницијатива беше да имаат пристап овие луѓе заеднички, бидејќи дел од студентите се Албанци, сите студенти кои што се од албанска националност на Институтот за социјална работа и социјална политика беа прифатени, додека нивните колеги со кои што заеднички живеат и

мислам дека е тоа еден добар пример на заедничко живеење, беа одбиени. Мислам дека со создаде еден многу лош впечаток кај студентите, дека практично сега постои дискриминација по една основа. А работата беше, а се сеќавате јас еднаш пристапив во зградата на Владата и ви ја кажав таа идеја и вие рековте да дојдат, Верувајте,-неколку од нив стигнале кап вас, меѓутоа, или не сте ги примиле или оние кои ги примиле им одговориле дека или не знаат Албански или не се од албанска националност. Затоа, сметам дека доколку дадете еднаш Декларација, дека навистина сте расположени да ги прифатите овие луѓе, ние ја повторуваме добрата волја, тие луѓе да пристапат.

За збор се јави господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас одговорив. Добив барање од Универзитетот во Скопје и таа согласност ја имаат. Нивниот е кога ќе одлучат, како ќе се организираат да влезат во камповите и да си ја вршат работата.

Тоа беше пред една недела.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали господине Ружин го прифаќате образложението?

Сега имаме прашање упатено до министерот за урбанизам и градежништво.

Во меѓувреме министерот за финансии сака мала реплика.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Добро е да се добијат изборни поени, меѓутоа, изборите сигурно треба да бидат после 3,5 години, така што рано е за изборни поени. Меѓутоа, прашањето за пензионерите од 8% тие кои им беа дадени при крајот пред изборите за 1998 година. тие беа спротивно на ЕСАФ-от склучен со ММФ и спротивно на прописите.

Значи, тие беа во функција на некои изборни поени кои требаше да ги добие СДСМ. Ние ќе продолжиме со тие изборни поени, меѓутоа, дојде ММФ и тој децидно забрани исплата на тие 8%, затоа што тоа е веќе потпишан договор од Владата на СДСМ. Ние имаме желба и тоа ќе го направиме. Меѓутоа, тоа веќе не е за изборни поени. Заради тоа што луѓето го заслужуваат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека ова беше само мало дообјаснување на кажувањето.

Следното прашање го упативте до министерот за урбанизам и градежништво.

**НАНО РУЖИН:**

Меѓутоа, имаше изјава од министерот и рече ако си оди ММФ ние ќе најдеме некој начин да ги исплатиме. Сега веќе мислам дека се работи за, како да ви кажам за техника за исплаќање. Не знам.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Јас одговорив на прашањето, ние сме во тек на разговори и со ММФ и со пензионерите и сигурно дел од тие средства до крајот на годината ќе им ги исплатиме.

**НАНО РУЖИН:**

Добро, задоволен сум од одговорот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Одиме на следното прашање.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Прашањето беше што стана со тие 10 илјади социјални станови. Тоа беше проект за изградба на 10 илјади станови наменети за социјални случаи во РМ. Проектот предвидуваше изградба на истите во период од 5 години. За таа цел на РМ требаше да се задолжи 20 милиони долари, да добие грант 40 милиони долари и кредит од 40 милиони долари. Стана што стана и ММФ оваа програма ја замрзна со образложение дека Македонија во овој момент не може да се задолжува Програмата е отворена, контактите се уште постојат. Не упатија до Фондот при Советот на Европа. Со помош на некои пратеници од овој пратенички состав успеавме да добиеме, фактички ќе добиеме 30 милиони УСА долари за да ги употребиме за изградба на социјални станови. Инаку, за информација потпишавме договори со градежната оператива за изградба на 512 станови, кои ќе бидат наменети за оваа категорија на корисници, а финансирани од Буџетот на РМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволен од одговорот?

**НАНО РУЖИН:**

Прво, би ги коментирал овие 512 станови кои што се всушност, во рамките на програмата на Јавното претпријатие, а од друга страна со оглед на природата со која се занимавам, би сакал да ми дадете писмен одговор, со оглед на тоа дека навистина сум заинтересиран и професионално кон оваа проблематика.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Ова второто не го разбрав, ако сакате повторете го.

**НАНО РУЖИН:**

Мислам ако може писмено сето тоа да го добијам како одговор.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Добро, да одговорам за овие 512 стана, тоа не се, односно тоа не е програма на Јавното претпријатие, тоа е програма на Министерството за урбанизам, т.е. Владата на Република Македонија. Тие се буџетски средства, а Јавното претпријатие е извршител.

**НАНО РУЖИН:**

Добро, во ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање е упатено до министерот за образование.

Има збор господинот Новковски.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Би сакал да се прецизира прашањето, бидејќи не ми е јасно за што се работи конкретно. Таму беше кажано за плаќање на тестовите, но каде се платени, на кое место, во училиште?

**НАНО РУЖИН:**

Неколку бирачи од општина Центар жени со дечиња, нивните деца полагале приемен тест за запишување во прво одделение. Кога го положиле тестот известени се дека децата треба да полагаат уште еден тест, меѓутоа при тоа треба да уплатат 3,000 денари.

Затоа, тие прашуваат дали е тоа навистина така за сите така или за сите тоа важи, дали е тоа нешто ново или се работи за манипулација.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Јас прв пат слушам за ова, не сме добиле од родителите никаков приговор.

**НАНО РУЖИН:**

Тогаш можете писмено да известите, меѓутоа би молел тоа да биде во што по итен рок.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Би било најдобро родителите да се интервенираат директно, оти ние не сме добиле никаков приговор до сега од нив. А, потоа ќе известиме за тоа како ќе биде решено.

**НАНО РУЖИН:**

Го имам и името на личноста кое што е потпишано зад ова барање.

Тој документ моментално не е кај мене, но можам да ви го дадам лично.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Такво барање не е доставено до Министерството за образование. Значи, не е отпочната никаква процедура. Јас сметам дека нема потреба да се одговара овде, но од како ќе биде отпочната тогаш може да има основа за пратеничко прашање.

**НАНО РУЖИН:**

Сепак, ќе ви го доставам документот да го видите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во тој случај лично ќе му биде одговорено на родителот ако го достави тој документ.

Имаме упатено уште едно прашање во врска со екологијата.

**НАНО РУЖИН:**

Тоа прашање е за спас на Дојранското Езеро.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

На ова прашаше ќе се одговори писмено.

Значи, ќе добиете одговор во писмена форма.

Следниот пратеник кој што побара да постави прашање е г-динот Мирчевски Звонко.

**МИРЧЕВСКИ ЗВОНКО:**

Почитуван претседателе, почитувани господа од Владата, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Со оглед на тоа што на овие две седници наменети за пратенички прашања голем дел до прашањата се однесуваат на социјално економската сфера мене ми се чини дека овие прашања не требаше да и бидат поставени на актуелната Влада, туку требаше да и бидат поставени на бившата Влада од СДСМ, која што економски ја клекна Македонија.

Инаку, бидејќи доаѓам од Прилеп, би поставил прашање до министерот за финансии во врска со тутунот од реколтата 1998 година. Иако сум запознат дека правевме некакви напори за да се надмине овој проблем, со исплатата на заостанатите количини на тутун, познат е фактот дека оваа година за прв пат Владата со државни средства интервенираше во откупот на тутунот од реколтата 1998 година. Во ситуација кога тутунските претпријатија во државава беа оставени без такви средства.

Она што можеби не е познато на Владата е дека исплатата на откупените количини прилично доцни. За ваше запознавање последен датум на исплата на откупот на тутун е 9 март 1999 година. Ако се земе предвид дека Владата вети дека од денот на откупот на тутунот на секој поединец тутуно - производител до денот на исплатата треба да поминат најмногу 15 дена. Со оглед што овој рок е значително пробиен, а имајќи ги предвид алармантните состојби кај тутуно - производителите, кои што живеат на граница на егзистенционален минимум, како и фактот што во Прилеп почна производството за реколтата 1999 година, како и тоа што тутуно - производителите се спремаат за штрајк, поставувам прашање до Министерството за финансии.

Колку тутун од реколтата 1998 година од Прилеп е откупен?

Колкави количини се исплатени и уште колку треба да се исплатат?

И, најбитно, во кој рок останатиот неисплатен дел ќе биде исплатен. Тоа е првото прашање.

Второто прашање се однесува на незаконските вработувања помеѓу првиот и вториот изборен круг што ќе преземе Владата против незаконските вработувања помеѓу првиот и вториот изборен круг, бидејќи тие не се во склоп со политиката на новата Влада за вработување на невработени од оние семејства кои се социјално загрозени по двајца стечајци и т.н.

Што се однесува до пензиите, на пензионерите исто така тоа прашаше денеска доста се експлоатираше, задоволен сум од одговорот што го даде г-динот министер. Но, сметам дека разликата помеѓу минималната и

највисоката пензија е многу голема и во таа насока Владата би требало да направи нешто, заради тоа што навистина пензионерите со минимални пензии не можат да ги остават елементарните егзистенционални потреби.

Трето прашање, какви мерки ќе се преземат против оние лица кои ги злоупотребуваат законските регулативи и користат неоправдано средства од социјалната помош, за разлика од оние кои што навистина им следува истата, но не е доволна за нормален егзистенција.

Наредното прашање се однесува до Министерството за млади и спорт. Прилеп во минатото имаше и важеше за еден од спортските градови и се гордееше со своите спортски тимови. Но, пред 6 години беше опожарена спортската сала "Македонија", која што до неодамна се санираше, меѓутоа средствата кои што беа предвидени за нејзино санирање не се доволни за конечно таа да започне да функционира.

Го молам Министерството да ми одговори дали е запознато со состојбите со спортската сала "Македонија" и дали постои можност на спортски Прилеп да му се помогне во ова смисла, односно да се ажурира со пуштањето на работата на оваа спортска сала.

Наредното прашање се однесува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се работи на вработувањата во шумската полиција уште за времето на бившата Влада. Дали при формирањето на шумската полиција, согласно Законот за шумите на Република Македонија објавен во "Службен весник на Република Македонија" број 47/19.09.1997 година и донесените подзаконски акти биле почитувани постојните прописи, а посебно дали бил почитуван член 62 од Законот за шумите, каде во став 1 е пропишано кои општи и посебни услови треба да бидат исполнети за вршење на работите од шумската полиција, односно засновање нас работен однос и каде во став 2 е допуштено по исклучок од став 1 точка 2 за вршење на работите на шумската полиција да може да се вработи и лице без соодветно образование ако има најмалку 3 години работно искуство како шумо чувар во досегашната шумо чуварска служба.

Прашањето го поставувам заради сознанијата дека при вработувањето на лица биле фаворизирани лица со нестручна, односно со не соодветна стручна спрема, лица со завршен Шумарски факултет оддел дрвна индустрија, имајќи при тоа на располагање лица кои што по образование биле далеку по соодветни односно со насока шумарство.

Воедно имам сознание дека и покрај мноштвото кандидати кои го исполнувале условот од член 62 став 1 точка 2 од Законот биле примани кандидати со повикување на став 2, иако последниве биле егзистенцијално обезбедени на начин што можеле да останат на работа во Јавното претпријатие Македонски шуми, а при соодветните подружници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Звонко Мирчески.

Првото прашање упатено до Министерството за финансии.

Го молам министерот за финансии да одговори.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Благодарам на едно вакво дипломатско прашање на една страна пофалба, на друга страна вели тутунот не е исплатен.

Видете, оваа година навистина ние како Влада направивме многу за тутунот, бидејќи никогаш до сега во таков краток временски период не е откупен тутунот, односно не е платен, меѓутоа има дел од обврските не се до крај намирени, така што остануваат некаде 6,5 милиони ДМ кои треба да се намират, дел од тие пет милиони марки веќе во текот на денешниот ден се дадени до соодветни тутунски претпријатија, така што во текот на денешниот и утрешниот ден ќе бидат исплатени и ќе остане сосема мала сума за исплата на долгот за откуп на тутунот за 1998 година.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Задоволен сум од одговорот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање беше поставено до Владата на РМ.

Одговорот ќе го даде потпретседателот на Владата.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Точно е тоа дека за време на предизборната кампања и малку порано од тоа примени се во работен однос во државната администрација во јавниот сектор огромен број на граѓани, не почитувајќи ја законската процедура, постапка, огласување на работното место, овозможување на сите тие кои ги исполнуваат условите да учествуваат на таков оглас и да се изврши изборот од нив. Особено е злоупотребен институтот преземање на работници од едно претпријатие во друго, така што имавме и драстични случаеви лекар вработен во обична бакалница како продавач, се склучува спогодба за преземање со Клиниката во Скопје и се превзема и распоредува како лекар.

Има икс други случаеви каде примениот работник на работа за четири дена, значи уште не му е исплатена првата плата, се прогласува за технолошки вишок, на основа на тоа го стекнува правото да склучува договор за преземање со друга фирма. Значи, сме имале една голема злоупотреба, но ова не е по вина на тие кои на овој начин се вработени, туку по вина на сите тие кои имале можност, кои држеле одредени функции и имале законско право да вработуваат граѓани.

На Владата на Република Македонија неколку пати се постави ова прашање и нормално се предлагаа одредени мерки дека на сите овие ќе им престане работниот однос.

Меѓутоа, во консултација со стручни лица, со претставници на органи, институции во државата дојдовме до заклучок дека овие работници иако не е почитувана законската процедура се заштитени и тие имаат фактички заснован работен однос и по тој основ Владата не сакаше да покрене други постапки, туку се задоволи со тоа тие да останат и понатаму во работен однос, а одговорноста лежи пред се морална на сите тие кои овозможиле вакви вработувања енормно да го зголемат бројот на вработените во јавната администрација, во јавниот сектор во државата.

Значи, ова е судбината на тие луѓе, тие продолжуваат да работат, а евентуално преголемиот број во јавната администрација најверојатно ќе се решава со проектот кој веќе се изготвува од страна на Министерството за правда за реформа во јавната администрација и најверојатно преку институтот технолошки вишок ќе се реши проблемот на прекубројните вработувања во јавниот сектор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволни?

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Јас сум делумно задоволен од одговорот, но сметам дека со ваквите не законски вработувања во јавниот сектор се оптоварени јавните претпријатија на штета на личните доходи на вработените кои работат таму, заради тоа што се пробива масата на средства која се издвојува од Буџетот за плати на вработените во тие претпријатија, така што едноставно новите вработувања паѓаат на товар, на грбот на претходно што биле вработени во тие установи.

Ми се чини дека тоа навистина не е фер, но задоволен сум од одговорот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање е исто до министерот за труд и социјална политика.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас само ова прашање го слушнав.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Стануваше збор дека постои енормна разлика помеѓу минималната и максималната пензија. Дали Министерството размислува за намалување на некакво законско регулирање во разумни граници на таа разлика.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Видете, во врска со овие прашања ние како Министерство сме ограничени од препораките кои се даваат од страна на Светската банка и Меѓународниот фонд за да успее Макроекономската реформа и реформата во социјалниот сектор.

Во оваа насока се изготвени одредени законски верзии и се размислува за ова прашање, така што во најскоро време ќе имаме одредени законски решенија предложени од Владата пред овој Парламент на усвојување.

САВО КЛИМОВСКИ:

Следното прашање го упативте до Министерството за млади и спорт.

Повелете министер Боев.

**ЃОРЃИ БОЕВ:**

Одговор во врска со прашањето на господинот пратеник е следно.

Министерството за млади и спорт овој проблем го наследи, го испита и констатира дека станувало збор за не домаќинско однесување кон овој прекрасен објект и дошло до пожар.

После пожарот оваа сала е санирана со помош од средства на државата и на локално ниво. Во овој момент салата е покриена, има набавено столици за седење, но останува внатре да се до уреди што навистина претставува посебен проблем да се обезбедат средства. Средствата се во по замашна сума.

За информација, салата претставува односно организацијата во салата тоа е една работна организација, така што многу нивни зафати како договори помеѓу работна организација и други добавувачи или оние кои вршеле зафат од градежна природа, Министерството и воопшто државата не се мешаат многу во тој дел на работите. Овде се поставува прашањето врз основа на генезата што ја добивме по писмен пат од страна на раководителот на салата - директорот. Во иднина ќе преземеме конкретни работи, но претходно да ве известам дека во Законот за спорт вршиме една интервенција каде овие капитални објекти кои се објекти од јавен интерес да може да станат под државата, односно Министерството. Законот е во една процедура која во најскоро време верувам овој Парламент ќе го усвои, да може да се формира јавно претпријатие, каде Министерството за млади и спорт ќе води грижа не само за оваа сала, туку има многу сали во Македонија, ги има некаде околу 25. Сепак вршиме напори да обезбедиме средства таа сала до крај да се оспособи.

Во овој момент како информација да додадам дека едно претпријатие кое вршело санирање на оваа сала поради неплатен долг од страна на работната организација, тоа е салата "Македонија" во Прилеп, блокирана им е сметката, така што во овој момент салата и целата работна организација е парализирана таа работа. Ќе правиме напори да дадеме регулативен нормален ток.

Дали пратеникот е задоволен.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Задоволен сум од одговорот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имате уште едно прашање упатено до Министерството за земјоделство.

Повелете господине заменик министер.

**ЈОРДАН ДАМЧЕВСКИ:**

Приемот во шумската полиција е извршен на два начина.

Првиот начин е извршен со преземање на дел од шумската полиција, односно шумари или вработени кои биле во тогашните претпријатија, а дел се примени со оглас, меѓутоа морам да кажам во оваа прилика станува збор за 150 вработувања од кои 73 лица се примени со оглас и тоа од различни струки.

Прво има примено 25 лица со завршен Шумарски факултет - шумарска насока, 12 лица со завршен Шумарски факултет - дрвна насока и 35 лица со средно шумарско училиште.

Со преземање се земени 62 лица од кои 16 шумарски инженери, 27 шумарски техничари, 19 со друго средно образование и 5 со основно образование. Бидејќи овде станува збор за вработување на лица од шумска полиција, точно пред изборите и мора да се каже дека тука се вршени разни комбинации и примани се лица, односно вработени се лица во шумска полиција од различни струки.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Задоволен сум од одговорот, но морам да констатирам и да го известам заменик министерот дека во Прилеп не сме задоволни од функционирањето на шумската полиција, дека во прилепското подрачје кое и така е оскудно со шуми, дека е направена катастрофа во однос на шумскиот фонд.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Министерството ќе го има тоа предвид и ќе преземе мерки.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам на одговорот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следниот дискутант пријавен пратеник кој сака да постави прашање, тоа е господинот Кастриот Хаџиреџа. Повелете.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници.

Јас имам четири прашања за поставување.

Првото прашање е заедничко со пратеникот од Струга господинот Положани. Тоа е упатено до Министерството за сообраќај и врски.

Дебар како пограничен град во Западна Македонија поврзан е со Гостивар и Струга преку регионалните патишта Дебар - Гостивар и Дебар - Струга. Во времето кога биле изградени овие патишта тогашната Влада сигурно заради свои политички причини Дебар како пограничен град и град претежно од албанско население, влијаело овие патишта штом влегуваат во атарот на градот Дебар да се стеснат и тоа од 6 метри ширина колку што е нормално на 5 метра ширина, со тоа значајно е отежнато движењето или сообраќајот на овие патишта, особено на големите товарни возила.

Регионалниот пат Гостивар - Дебар поминува низ кањонот или клисурата на реката Радика и овој кањон е назначен како еден од најголемите природни убавини во Република Македонија која како таква побудува интерес кај голем број посетители за негова посета. Освен тоа во Дебар е граничниот премин Блато, каде се одвива увоз - извоз на стоки, тука се Дебарските бањи како лекувалишта и туристички места, како и фабриката за гипс и гипсани производи "Кнауф - Радика". Сите овие субјекти се многу заинтересирани заедно со жителите на град Дебар за проширување на овие а особено на патот Дебар - Гостивар кој го поврзува Дебар со главниот град Скопје, па затоа со право се поставува прашањето дали ова министерство го има опфатено проширувањето на овој пат во по скорашен или побрз проект. Ова е првото прашање.

Второто прашање е до Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На граничниот премин Блато во Дебар помеѓу Република Македонија и Република Албанија до неодамна се одвиваше транспортот и увоз - извоз на сите видови стока без никакво ограничување, а тоа имаме позитивен одраз и врз економијата на град Дебар. Но. со еден договор склучен помеѓу Република Македонија и Република Албанија, а инициран од страна на албанската Влада, дојде до забрана на увоз - извоз на стоки како растенија и растителни производи и акцизните стоки и тоа со закон од 8.10.1998 година. Но, во меѓувреме помеѓу овие две Влади е дојдено до нова спогодба за укинување на оваа забрана, така што Албанската Влада во својот граничен премин си дозволува да се одвива транспортот на овие стоки. Бидејќи слободното движење или транспорт на сите видови стоки си има свој позитивен одраз врз економијата на град Дебар, заинтересирани сме да знаеме од надлежните министерства до каде е дојдено со ревидирањето и укинувањето на овој закон или оваа збрана од страна на Република Македонија.

Третото прашање до Министерството за екологија и урбанизам. Исто ова прашање го поставувам заедно со пратеникот од Струга, господинот Положани и тоа околу загадувањето на Дебарското Езеро.

Загадувањето на Дебарското Езеро постоело и порано, но не во толкава мера како во последните години. Ова езеро се загадува преку изливот на реката Радика, а повеќе преку изливот на реката Црн Дрим. Преку реката Радика како загадувачи се сите индустриски и отпадни води од населените места од горниот и

долниот Рекански регион, а преку реката Црн Дрим како најголем загадувач на Дебарското Езеро, доаѓа од отпадните индустриски води од Охридскиот и Струшкиот регион. Добро се знае за загаденоста на Езерото Глобочица кое слободно може да се нарече мртво езеро, а изгледа истата судбина, ако не се преземе нешто итно, го чека и Дебарското Езеро. До неодамна анализите на водите од Дебарското Езеро вршени од страна на Хидробиолошкиот завод од Скопје беа од втора класа, а тоа значи дека Езерото можело да се користи за рекреација, но во последните години анализите направени во летните месеци беа од трета класа, а тоа значи дека Езерото не може да се употребува за рекреација.

Затоа од страна на здравствено - санитарните инспектори преку средствата за јавно информирање, населението беше известено оти Езерото не може да се користи за рекреација.

Дали ова лето граѓаните ќе ги чека истата судбина тоа многу зависи од мерките со кои би се спречило натамошното загадување на Езерото. па затоа со право се прашувам дали ова Министерство има преземено или намерава да преземе конкретни мерки за спречување на натамошно загадување на ова езеро.

Четвртото прашање е до Владата на Република Македонија, барам писмено информација за бројот на вработените во секое министерство посебно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Првото прашање е упатено до Министерството за сообраќај и врски Реџеп Асани.

Прашањето беше составено од две потпрашања.

Првото беше врзано за регионалните патишта Дебар - Гостивар и Дебар - Струга.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Прашањето ми е за проширувањето на овие патишта, а најмногу за патот Дебар - Гостивар, бидејќи е тој позначаен за регионот.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

За регионалниот пат Гостивар - Дебар, тоа може да се смета како гранка на коридор 8, но, за жал во Програмата за 1999 година не е предвидено реконструкција на овој дел од патот.

Се надевам дека во наредните програми од 2000 година натаму ќе влезе во Програма овој регионален пат.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Ние бараме не за оваа година, туку за што поскоро овој пат да влезе во некој проект.

Ако нема конкретно да се каже за кого е предвидено, ако може да добиеме писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање го упативте до две министерства, до Министерството за финансии и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Ве молам ако може да кажете што е прашањето.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

На граничниот премин Блаце меѓу Република Македонија и Република Албанија до неодамна се движеше транспортот или увоз извоз на сите видови на стока, без никакво ограничување, а тоа имаше позитивен одраз и врз економијата на Дебар. Но, со еден договор склучен помеѓу Република Македонија и Република Албанија, а иницирн од страна на Албанската Влада, дојде до забрана на увоз и извоз на стоки како што се растителни производи и акцизните стоки и тоа со Закон од 8.10.1998 година. Во меѓувреме меѓу тие две влади е дојдено до нов спораузм и тоа за укинување на оваа забрана, така да Албанската Влада на својот граничен премин дозволува да се одвива транспортот на овие стоки. Бидејќи слободното движење или транспортот на сите видови стоки си има свој позитивен одраз и врз економијата на градот Дебар, заинтересирани сме до каде е дојдено со ревидирањето и укинувањето на овој закон или оваа забрана од страна на Република Македонија.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

За ова прашање ќе добиете писмен одговор, бидејќи тоа прашање не се однесува само до нашето министерство се однесува на други министерства.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање е до Министерството за екологија млади и спорт.

Ако може да ни одговори потпретседателот на Владата госпоѓа Кипријанова.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

По однос на третото и четвртото прашање, а третото прашање беше за загадување на Дебарското езеро и кои мерки се преземаат против понатамошно загадување.

За тоа прашање господинот пратеник ќе биде информиран од Министерството за екологија, млади и спорт, заради тоа што треба да се направи анализа што се се презема, а морам да кажам дека ние имаме еден проект за заштита на води кој се финансира и од ФАРЕ проектот и управување. Според тоа ќе ја добие таа информација.

Исто така за бројот на вработени Албанци за секое министерство и во Владата. Тоа се аргументи кои треба да се проверат и ќе му бидат доставени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи ќе биде доставена информација и за овие две прашања во писмена форма.

Следниот пратеник е Мирко Иванов.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, драги колеги.

Јас би поставил неколку прашања.

Првото прашање е до Министерството за финансии, околу финансирањето на Локалната самоуправа.

Ние знаеме дека изворите од кои се финансира Локалната самоуправа, а тоа се извори кои многу тешко се остваруваат, да не речам никако, барем во првите шест месеци, така да Локалната самоуправа во многу општини е оставена да работи, да не речам во една беспарица. Оние општини во кои градоначалниците се сепак од позицијата добиваат некои позајмици кои, нормално, се добивани порано и сега, а другите општини по укажување од многу градоначалници кои се од СДСМ, само такви позајмици скоро и не добиваат и фактички останува Локалната самоуправа да не функционира.

Во Законот за локална самоуправа беше предвидено еден извод кој беше предвиден од данокот на промет, каде стои процент од данокот на промет, тоа е во член 62. Тој процент од данокот на промет да се користи за буџетско остварување на Локалната самоуправа. Тој процент не е воведен.

Дали министерот или Владата мисли тоа да го воведе, или барем да ги стави сите општини, без разлика на партиските претставници на градоначалници, без разлика од која партија се, бидејќи Локалната самоуправа е за сите граѓани на општините, а не само за некои претставници од партија. Тоа е до министерот за финансии.

Второто прашање е до министерот за сообраќај и врски. А прашањето е следното:

Познатото, таканаречено Велешко брдо каде се направи трета лента, тоа значи исклучување спрема цела Источна Македонија, а тие две ленти кои беа дополнително изградени се во едно големо пропаѓање, а и старата. Тоа е нормално, бидејќи тоа е еден голем успон и при излегувањето и кочењето на тешките моторни возила на тој успон доаѓа до големо пропаѓање. Таму има привремено решение кое е од поодамна предвидено. Тоа е дел од патот Битола - Прилеп - Велес, така наречена Источна магистрала спрема Штип - Делчево – Кочани, спрема Бугарска граница. Таму се работи за дел од 7 км. кој пат би можел да се користи, бидејќи поминува покрај Велешката топилница и овие камиони кои ги носат тие најтешки товари од кои пропаѓа оваа трака и кои го загадуваат градот Велес кој е и така доста загаден од самата Топилница тие поминуваат низ центарот на Велес каде носат олово - цинкова руда. Затоа мислам дека со една мала инвестиција, имам сознание дека проект е направен, со изградба на 10 до 12 км. пат кој ќе излегува на Овче Поле, кај местото така наречено Крива Круша, да се интензивира.

Прашањето е дали тој дел за изградба е предвиден во оваа годишна програма и ако не е предвиден, да се настојува тој да се предвиди барем за наредната година, бидејќи тоа е една лоша врска комплетно за цела Источна Македонија.

Третото прашање ми е доставено од пратеникот од Неготино, бидејќи тој замина, а мене ме замоли да го поставам. Прашањето е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Се работи за следното:

Се работи за ниските температури од зима, кога има големо оштетување на лозовите насади. Тоа се однесува за Демир Капија и Неготино. Прашањето е дали Министерството за земјоделие предвидува неколку олеснувања, дали даночно, дали не наплаќање на таксата за наводнување на лозата или било какви мерки би презело за олеснување на овие земјоделци, чие лозје било доста оштетено од ниските температури.

Имам уште едно прашање до Владата, сигурно некој претставник од Владата можеби потпретседателот ќе ми одговори.

Во општината Делчево има поставено, Службен весник, не знам кој, да не го цитарам, советник на Владата на Република Македонија со седиште во делчево. Доста граѓани од Делчево па и јас како пратеник не знаеме за неговата поставеност, за неговата улога. Едино што знаеме, знаеме дека има завршено три години графичка школа и работеше порано во организацијата на Комуна - Скопје, работна единица Делчево. Тој е со седиште во Делчево и колку што имам сознание е советник на Владата на Република Македонија за Источна Македонија.

Би сакал Владата да ми одговори која е неговата улога, да знаат и граѓаните па и јас, да можеме со него да стапиме во контакт, некои работи и цели да ги оствариме, бидејќи сигурно е поставен со некаква цел, доколку не е поставен, да кажеме како што имало некогаш советници во неколку поранешни времиња за луѓе како ги нарекувале популарно доушници или пост клеветачи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Првото прашање е упатено до Министерството за финансии.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Приходот и на Републичкиот буџет и приходите на Локалната самоуправа се утврдува врз основа на закон, каде се утврдуваат изворите на средствата за со кои се финансираат расходите и на Републичкиот Буџет и на буџетите на Локалната самоуправа.

За 1999 година се утврдени сите овие видови на Буџет и Републичкиот и Буџетот на Локалната самоуправа. Нив ги донесе Собранието на Република Македонија и ако се сеќавате тие се донесоа едногласно, така да прашањето при утврдувањето на буџетите како фактор се зема партиската припадност на општината, мене не ми е познато. Во расправата во Собранието на Република Македонија кога беше расправата за Буџетот, такви работи не се кажаа. Ако било тоа порано мене не ми е познато.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Не ме разбравте добро. Јас не реков дека утврдувањето на буџетите не се подеднакви. Остварувањето не се остварува во ниедна општина. Тоа е точно. Можеби во десетина општини во Републиката во поголемите центри. Прашањето е дека се даваат позајмици кои излегуваат во Службен весник, тоа не е тајна.

Значи има општини кои според партиска припадност добиваат позајмици. Јас ќе ги набројам. Тоа се Виница, Пробиштип имаат добиено по еден милион денари позајмици. А Делчево нема ни денар добиено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во овој случај тука прекинува разговорот по прашањето.

Можете да инсистирате и писмено да Ви одговорат.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Во текот на 1999 година такви позајмици нема. Позајмици имало во 1998 година и тоа според мерилата и критериумите на Буџетот утврдени во 1998 година, а тој Буџет беше донесен од претходното Собрание. Така да прашањето што се однесува, дали дел од данокот на промет може да се издвојува за финансирањата на локалната самоуправа, сега за сега не може.

Меѓутоа, ќе се прави ребаланс на Буџетот, и ако тогаш се направи и Собранието одлучи за една таква работа, тоа ќе се направи.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање до Министерството за сообраќај и врски. Повелете.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Тука треба да разјасниме за која делница се работи дали за Градско - Прилеп.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Се работи за делницата Велес - Штип – Кочани, Велешко Брдо. Дел од тој пат каде што е наплатната рампа, со истиот проект е 7.200 м. кој оди од Велес према Крива Круша до Овче Поле. Тој истиот дел.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

И за овој дел во Програмата за 1999 година не е предвидено.

Вие ќе инсистирате, а ние ќе го земеме во предвид да влезе во наредниот период.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Барам писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**ЈОРДАН ДАМЧЕВСКИ:**

Прашањето од измрзнувањето на дел од земјоделското производство прво треба да се пријави кое земјоделско производство е измрзнато, да се формира Комисија и да се утврди во каков процент е измрзнато тоа земјоделско производство. Откако ќе се утврди тоа, ќе се предложат мерки за евентуално санирање, доколку има поголемо измрзнување и оштетување на поголем дел на земјоделски производи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Конечно имаше упатено едно прашање до Владата.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Постои по систематизација такво место советник на Владата на Република Македонија.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Тоа го има во Службен весник, сакам писмен одговор да ми се даде, а ќе се потрудам да го доставам точно Службениот весник кој е назначен советник при Владата на Република Македонија со седиште во Делчево.

Јас ги кажав другите карактеристики, да не ги повторувам.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Добро, нека достави ќе видиме за која особа се работи и кои ингеренции ги има.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе добиете писмен одговор.

Следниот пратеник е пратеникот Илија Филиповски. Повелете.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, драги колеги, јас имам неколку прашања. Прашањата би ги доставил до Министерството за финансии, Министерството за стопанство, Министерството за трговија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Првото прашање е во врска со продажбата на акциите од "Окта". Во јавноста многу се шпекулира околу условите за продажба на рафинеријата "Окта". Можеби шпекулациите во јавноста доаѓаат од таинственоста на договорот со грчкиот партнер.

Во поглед на изнаоѓање на странски инвестиции, сигурен сум дека меѓу сите пратенички групи постои консензус за создавање услови за нивниот доаѓање во Македонија. Но, при тоа транспарентноста пред Парламентот и јавноста треба да биде максимално можно, особено што договорот е потпишан и јавноста на такви договори не би им штетела на никого. Се плашам дека со таинственоста на договорот би се добиле спротивни ефекти. Од тие причини до Министерството за финансии и Министерството за стопанство го поставувам следново прашање:

Прво, кои се основните услови на договорот, цената за 54% од продадените акции на "Окта", дали и кои ексклузивни права се дадени на купувачот на "Окта", дали и какви обврски има преземено државата Македонија за висината на увозните давачки на нафта и нафтените деривати, каков е односот на државата за овие услови, за други домашни и странски правни лица односно дали купувачот на "Окта" е повластен во однос на другите друштва, начинот и рокот на плаќање на продадените акции во "Окта". Исто така какви договорни права има добиено купувачот на "Окта" во формирањето на цената нас нафтените деривати и со кој износ се калкулира во формирањето на цените на дериватите за транспортните трошоци со Железница, денес во постојната цена на дериватите, транспортните трошоци предвидени со договорот за продажба на "Окта" со Железници и Нафтоводот, како и за цената на "Окта" за преработка на нафтата денес вкалкулирана во цената на дериватите и таа која е предвиден со договорот за продажба на "Окта".

Во тој дел втората група на прашања е во поглед на инвестициите за нафтоводот и модернизација на Рафинеријата, дали се предвидени рокови во кои странскиот инвеститор треба да ги заврши и кои се тие рокови и на кој начин е утврдена вредноста на нафтоводот, учеството на државата од 20% во акциите на нафтоводот, а исто така и за модернизацијата на Рафинеријата.

Третата група на прашања за овој дел е, кој е стручниот тим покрај членови на Владата и Агенцијата која учествува во преговорите за склучување на договорот за продажба на "ОКТА".

И четвртата група од овој дел е дали договорот за продажба на "ОКТА" подлежи на ратификација до Парламентот и дали Република Македонија има обврски за издавање на државни и банкарски гаранции. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е дали Министерството за финансии и трговија имаат сознание колку изнесуваат дневните потреби од прехранбени артикли, облека, средства за хигиена и други потреби за 230, или 240, или 250 илјади хуманитарно згрижени лица и евентуално за трупите од НАТО, што не е предмет на хуманитарна помош од странство, а се купува со пари. Ова прашаше повеќе е за хуманитарно згрижените лица. Во тие вкупни потреби со кој процент учествуваат фирмите од Македонија? Ако е тоа мал процент што се испорачува од Македонија, дали Владата размислува да примени и за тој увоз нормална увозна процедура со плаќање на царина, акцизи, даноци и други давачки. Значи тоа е прашањето.

Третото прашање е дали Владата на Република Македонија презела мерки, ова прашање се однесува за Министерството за трговија, дали Владата, односно Министерството за трговија презело мерки и кои се за супституција на изгубениот пазар во СР Југославија поради војната. Нашиот извоз во СР Југославија поради војната скоро целосно е запрен, а учеството на СРЈ во вкупната наша размена изнесува околу 20%. Голем дел од извозот на производите што Македонија може наместо во Југославија да ги извезува во САД, Европската Унија, во тие земји се наоѓаат на квоти и со висока заштита и поради тоа нашите фирми својот извоз не можат да го пре орентираат кон земјите членки на НАТО и со тоа го запираат производството. Моето прашање е: Дали Министерството за трговија, односно Владата ги идентификувала производите чиј извоз од СРЈ може да се супституира со пазарите на земјите од НАТО и дали и кои мерки ги презела за елиминирање на тие бариери за извоз. Нашиот излез од состојбите може да биде само правење на бизнис и најмногу во тоа треба да ни помогнат земјите од НАТО.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:** (Продолжение)

Четвртото прашање е: Дали Владата на Република Македонија има побарано од земјите на НАТО и Агенцијата МИГА на Светската банка осигурување на бизнисот на фирмите од земјите на НАТО кои соработуваат со нашите фирми. Фирмите од земјите на НАТО кои соработуваат со фирми од нашата земја, во најголем дел ја прекинаа соработката поради ризикот од војната. Војната ја водат земјите од НАТО, а ние ги трпиме најголемите последици. Во Светската банка постои Агенција МИГА, која го осигурува бизнисот од политички ризици и ризик од војна. Такви организации има скоро секоја земја и поединечно на пример Ексимиер во САД, Кофас Франција, Хербез Германија и т.н. Нашата земја без чие влијание се води војната, мислам дека има право од НАТО земјите да бара нивните фирми да го продолжат бизнисот во Македонија што би била и најголемата помош за нас, се разбира, со осигурување на бизнисот од институциите на Светската банка или поединечно од земјите членки на НАТО.

Моето прашање до Владата, односно До Министерството за трговија дали такво барање е поднесено, кои се резултатите. Мислам дека не е добро само да бараме финансиска помош и задолжување во странство, а бизнисот да го ставаме по страна.

Петото прашање е до Министерството за земјоделие и Министерството за финансии. "Дали Министерството за земјоделие и Министерството за финансии преземаат мерки за спасување на фондот на овци во Македонија и спасување на постојните земјоделски задруги, овчарски фарми". Овчарските фарми се во катастрофална финансиска ситуација, особено со долговите спрема Агенцијата за санација на банките, Дирекцијата за материјалните резерви и поедини министерства. Причините за оваа состојба се последици од политиката на Владата и ќе наведам неколку. Каматите во 1992 и во 1993 година, кога инфлацијата беше и 2000% годишно, а производниот циклус во оваа групација еднаш годишно и во цената на производот не можеше да се вклучат каматите.

Втората причина е појавата на болест шап и лигавка, за што државата има институции која болест се пренесува преку граници, за што државата има институции кои треба да ги штитат овчарските фарми од такви болести. Последицата на тоа е да нема извоз на јагниња или тој извоз што во минатите две години се остварува и се вршел под такви услови за да не можат да се покријат основните трошоци, а овчарските фарми дополнително се задолжуваат кај банките и трговските друштва.

Оваа година јагнето остана без извоз а фармите без никакви пари. Према информациите од овчарските фарми сточниот фонд, кој по статистика се води околу 2.000.000 овци паднат е помалку од половина, на жалост со натамошно опаѓање. Премиите кои ги дава државата за извоз не можат да се користат, бидејќи извоз нема. Извоз нема, затоа што и со таа премија заради неколку пати паднатa цена на кожата нема никаква економија во извозот.

Моето прашање е до Министерството за земјоделие и Министерството за финансии е: "Дали се размислува на овчарските фарми да им се зголеми премијата за извоз до ниво да се оствари економски интерес за извоз или да им се одобри тригодишен бескаматен кредит за непродадени женски јагниња со што ќе се зголеми и подмлади сточниот фонд.

И втората мерка овчарските фарми кои имаат долгови према државата, државата да ги трансформира во сопствен влог во задругите, како со Законот за 22-цата загубари и потоа да се изврши продажба на влогот на берзата на акциите, со што бе се изврши приватизација на тие субјекти, и еднаш за секогаш ќе се тргнат од грбот на Владата.

И последното прашање е, го прашувам Министерот за образование дали е точно дека со согласност на Министерството за образование во Основното училиште во Могорче дадена е просторија за користење на Партиската организација ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Филиповски, очигледно дека долго време чека за поставување на прашања, Вие имате господине министер повеќе прашања и повелете одговорете.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Видете, во врска со прашањата за продажба на Рафинеријата “ОКТА“, која веќе е продадена на Грчката фирма "Хеленик - петролеум", со оглед на тоа што има голем интерес околу оваа продажба јас мора да кажам дека за ова прашање ќе дадеме ние, бидејќи се бараат тука многу детали, а тие детали да не се изнесуваат тука, еве најмалку пола саат и повеќе време, а дел од тие детали не се пред мене, не ги имам, ќе дадеме писмен одговор, а за тоа прашање за продажба, бидејќи има голем интерес и во Републиката за ова прашање можеби и ќе се направи една поголема прес конференција на која покрај Вашиот одговор овде ќе добиете одговор и оние сите заинтересирани лица за оваа продажба.

Инаку морам да кажам дека продажбата на таквите претпријатија на стратешки инвеститори не подлежат на тие договори кои може да ги склучува Владата, конкретно министерот за финансии во име на Владата и во име на државата со странските стратешки инвеститори, тие не подлежат на верификација на Парламентот, бидејќи се договори за продажба, облигациони договори. Тоа не значи дека и не треба да има информација.

Второто прашање, кој учествуваше, кој стручен тим учествуваше во договорите и преговорите и составувањето на договорот за продажбата на “ОКТА“. Тоа беше според Законот вие знаете дека измените на Законот за приватизација тоа е Агенцијата за приватизација, така што учествуваа стручни тимови од Агенцијата за приватизација, претставници од Владата и тоа беше фактички стручниот тим кој учествуваше во составување на договорот. Се користеа и надворешни соработници, меѓутоа носечки тимови беа Агенцијата за приватизација и Владата.

Што се однесува до второто прашање, дали Владата има сознание колку изнесуваат дневните потреби за бегалците, за хуманитарно згрижување на бегалците во Македонија од аспект на прехранбени производи, јас морам да ви кажам дека таква количина, односно обем ние не можеме ни да имаме, затоа што никој не води евиденција за оваа работа. Се даваат бројки, така што ние многу не можеме да им веруваме на тие бројки, затоа што во таа хуманитарна помош учествуваат сите хуманитарни организации кои се регистрирани за таа работа, меѓутоа учествува и Високиот комесаријат за бегалци, така што сите набавуваат храна за бегалците во Македонија. Меѓутоа, за она второто прашање колкав дел од тие производи кои се наменети за бегалците се од домашно потекло, односно од домашни

производи исто така ние немаме доволен процент, затоа што ги бараме од нашите претпријатија да ни доставаат сите кои што имаат аранжмани со хуманитарните организации да не известуваат за оваа евиденција. Ние сме ги задолжиле претпријатијата, меѓутоа таа евиденција полека, полека ја ажурираме. Меѓутоа, едно е сигурно дека се уште многу мал дел од македонски производи се употребуваат за купување наменети за бегалците. Тоа е факт.

Заради тоа и Владата преку Управата за царина, преку Управата за приходи, преку Министерството за внатрешни работи во тек е една акција да изврши проверка на увозот на тие производи наменети за бегалците, дали сите тие се користат за бегалците, или со нив се врши интервенција ан домашниот пазар, така што се врши нелегална конкуренција на домашните производи, односно се прави една така наречена евазија на домашното производство. Исто така, ние констатиравме дека некои од тие производи не се наменети само за бегалците, не се употребуваат само за бегалците, туку дел се употребуваат и на домашните пазари. Исто така, ние констатиравме дел од тие производи кои се увезуваат не се само прехранбени производи, има и други производи кои не се наменети за бегалците, така што тука се наметна една иницијатива од страна на Владата после завршувањето на оваа проверка, ние да го поставиме прашањето на плаќање на царина и давачки на тие производи кои се увезуваат. Ако тие се во голем износ и ако понатаму хуманитарните организации не купуваат производи од Македонија, Владата ќе биде принудена на тие производи да воведе да се увезуваат со царина и со сите давачки како што тоа се домашните производи.

Третото прашање, дали Владата и што прави Владата за изгубениот пазар во Југославија. Пратеникот кажува колкав дел од нашиот надворешно - трговски промет е со Југославија, тој е огромен, Југославија беше еден од нашите најголеми надворешно - трговски партнери и економски партнер.

Во тој поглед сигурно се наметна прашањето во таа криза дали се прави супституција на југословенскиот пазар со други пазари. И во тој поглед Владата го постави и на донаторската конференција и во разговорите со претставниците на земјите од Западна Европа, односно од НАТО алијансата. Исто така тоа прашање е поставено и на Европската Унија, тоа го поставија поединечно и на сите земји да се подигнат квотите, не само да се укинат, туку да се подигнат квотите за македонските производи, посебно тоа се производите од текстилната индустрија и другите производи, од обоена и тешката индустрија. Така што некаде наидуваме на разбирање, некаде не наидуваме на разбирање, меѓутоа притисокот на Владата е стално присутен, така што мислам дека ова е дел од ова прашање. Јас не тврдам дека ние ќе успееме за еден краток временски период да го наместиме југословенскиот пазар, односно сите наши производи да ги продадеме некаде на други пазари. Ако тоа би се случило, тогаш ние и не би имале и штети во нашето стопанство, не би имале дефицит во платниот биланс, не би имале дефицит во Буџетот. Меѓутоа ние бараме покрај тоа штетите кои ќе настанат, заради тоа што нема да најдеме алтернативни пазари, да тие штети се надоместат со донаторски конференции, билатерални помошти од земјите, а знаете тие веќе и доаѓаат.

Во врска со четвртото прашање, ние уште пред избивањето на косовската криза во разговорите со Светската банка го поставивме прашањето на Агенцијата Мигава гарантирање, за обезбедување и на инвестициите и бизнисот во Македонија. На тоа наше бараше имаме поддршка од Светската банка. Во постапка е таа поддршка, меѓутоа јас тврдам дека тој аранжман и учеството на Мига во обезбедувањето на нашите аранжмани ќе биде. Меѓутоа, ние исто така имаме во тој поглед ангажирано Хермес од Германија, исто така за гаранција на бизнисите кои ги прави Македонија со поединечните земји.

Меѓутоа, исто така ние и директно имаме разговори со тие земји да ги охрабрат нивните претпријатија кои се членки на НАТО алијансата, да ги упатат на нивните бизниси и да кажат дека во Македонија треба да продолжат со работа во Македонија. Значи тие активности ги прави Владата, дел имаме и успеси, во дел и нема одзиви, меѓутоа Владата ќе продолжи да работи на тоа.

**ЈОВАН ДАМЧЕВСКИ:**

Во Програмата која ја донесе Владата на Република Македонија за 1999 година на овчарството му посвети посебно внимание и да спомнам дека предвидени се во овчарството 39 милиони за проширена репродукција на женските јагниња, и 30 милиони денари се предвидени за извозот на јагнешко месо. Меѓутоа, овде напоменавме дека, претходно заради состојбите кои владееја со лигавката и шапот оваа година извозот навистина не може да се оствари, меѓутоа исто така треба да се знае дека, точно е дека сточниот фонд во Република Македонија опаѓа, но не е причината само оваа година, меѓутоа сточниот фонд перманентно во Република Македонија опаѓа.

Јас мислам со надминување на состојбите, односно со преземање на мерки од страна на Министерството за земјоделие и шумарство, секаде да се воведе матично книговодство и одбележување на стоката, практично извозот за Република Македонија на јагнешко месо ќе биде регулиран и мислам дека оваа година односно оваа и наредната година на крајот на оваа година, мислам дека извозот на јагнешко месо дефинитивно ќе појде на европските пазари.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали господинот пратеник е задоволен од одговорите?

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Јас мислам дека во врска со прашањето дали извозните премии се доволно економски стимулативни да го зголемат и да го натераат производителот на јагнешко месо, односно да извезува јагниња, Владата констатира дека тие се многу мали, а тоа го констатира и пратеникот кој го поставува прашањето.

Така што Владата размислува и со ребалансот на буџетот, а тоа веќе можеби е и касно во наредната година премијата за извоз зголемена, за да можеме ние во тој поглед да имаме економски стимуланс кај производителите на јагниња да вршат извоз.

Второто е интересно прашање, прашањето е дали може Владата за оние долгови кои ги имаат сточарските фирми и другите производители на стока, дали нивните долгови спрема државата можат да се трансформираат во траен влог на државата во тие фирми. Тоа е едно принципиелно прашање, некаде досега го правеше државата, некаде не го правеше. Јас децидно на ова прашање не можам да одговорам, затоа што во тој поглед Владата мора да го реши тој проблем не само спрема овој вид на претпријатија, мора да го реши кај голем број на претпријатија, бидејќи праксата покажува дека голем број на фирми во Македонија се многу задолжени од аспект на даноци и придонеси и други обврски спрема државата. Така што ние се плашиме од една друга појава. Завршувајќи го процесот на приватизација во Македонија, кој веќе е и завршен, да не почнеме сега со процес на поддржување со претварањето на подарувањата на државата од фирмите во траен влог. Тоа сигурно дел ќе правиме, меѓутоа ќе го направиме селективно. Интересно е прашањето на пратеникот и јас мислам дека заслужува внимание, Владата посебно да му посвети внимание.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Остана и нешто не одговорено во однос на овие бројни прашања што ги поставивте овде до Министерството.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Би коментирал неколку работи.

Прво, во поглед на продажбата на акциите на "Окта", во Македонија постојат многу добри врвни стручњаци од таа област. Јас ќе спомнам неколку души, како на пример г-диот Рикаловски, Вангел Арнаудов, поранешниот генерален директор Жантевски. Чудно ми е не можам да разберам никој од нив во стручниот тим за преговори да не биде вклучен за Рафинеријата.

Јас би рекол едноставно е недопустливо на Владата да го направи тоа заради партиска припадност на една или друга страна. Овде се работи за економија, овде не се работи за партија, а да се вклучуваат луѓе кои едноставно за Рафинеријата прочитале само во својот учебник кога студирале на Технологија. Мислам дека тоа не е добро. Тоа е првото прашање, односно мојот прв коментар.

Второ, во делот на цената, продажбата на Рафинеријата, јас би го коментирал следното. Цената за продажба е утврдена врз основа на проценетата вредност на Рафинеријата во услови на производство, преработка на нафта 900 до милион тони. На Рафинеријата, со оглед на состојбите со Србија, и се создаваат можности и 2 милиони и два милиони и двеста илјади, толку колку што е капацитетот да работи. Дали преработувачкиот тим го имаше тоа предвид? Тоа е првото прашање од прашањата за цените. Доколку се одеше на лицитација, на јавен оглас, сигурен сум дека цената на Рафинеријата ќе беше сосема друга, и тоа е она што ние од СДСМ, посебно јас се залагав во измената на Законот за приватизација, да се бара задолжително прво да се оди на јавен тендер, а после да се оди, ако не успее јавниот тендер на непосредно спогодување. Еве го примерот што покажува, така да речам негативна енергија во поглед на натамошната приватизација.

Во поглед на прашањето на начинот на плаќањето, се шпекулира, јас не знам, не сум го видел договорот, меѓутоа се шпекулира дека плаќањето на акциите за Рафинеријата ќе се прави: 5 милиони долари после 5 месеци по заклучувањето на договорот, вторите 5 милиони долари после 18 месеци, третата транша 12 милиони долари после 36 месеци, а за четвртата транша од 10 милиони долари не се знае, зависно од тоа дали ќе се прави нафтовод или нема да се прави нафтовод. Значи ли тоа дека, Рафинеријата практично ја плаќаат македонските граѓани од профитот што ќе го прави Рафинеријата? Ова го поставувам од следната причина.

Прво, дадени се - пак се шпекулира, не тврдам за ова - големи екслузивитети на грчкиот партнер. Прво, на секои 15 дена да се променува цената на нафтата, односно делот што припаѓа на Рафинеријата, во зависност од цената на нафтата и во зависност од цената на курсот на доларот. Ако тоа го поставевме и на Рафинеријата и денес, сигурно Рафинеријата секогаш ќе работеше со подобри услови.

Второ, цената на преработката на Рафинеријата е 27 долари предвидено со грчкиот партнер, а сегашната цена е околу 17 долари. Ве молам, на 20 години екслузивитет на Рафинеријата со еден долар поволности за грчкиот партнер се добиваат 20 милиони долари. Со производството на 2 милиони тони се добиваат 40 милиони долари само со еден долар екслузивитет, а се даваат можности, бидејќи е екслузивен испорачател на нафта и нафтени деривати да биде грчкиот партнер, се штити грчкиот партнер од другите партнери во државата

за увоз и со 20%, ако некое друго трговско друштво увезува.

Ве молам, јас таков договор во мојата кариера од 35 години комерцијално работење не сум видел, јас овој договор не сум го видел, меѓутоа од шпекулациите кои се прават и затоа молам Владата да излезе со јасни ставови. Мислам дека е во интерес на Владата едно вакво прашање.

Второ, инвестициите, нафтоводот, како се утврдува 90 милиони долари дека треба да чини нафтоводот. Затоа, мислам дека сите овие прашања јас ги бележев и ги поставив врез основа на шпекулациите кои се во јавноста и би требало Владата со една информацијата да ги објасни и добра беше забелешката на министерот дека треба да се направи и една ПРЕС-конференција за таа работа, а и Парламентот да се извести.

Што се однесува до второто прашање, тоа беше во поглед дали потребите, не знаеме кои се, за овие 230 или 250 илјади хуманитарно згрижени лица, министерот одговори дека не ги знае. Ние имаме царинска служба, царинска евиденција. Ве молам, треба да се води евиденција и секојдневно да се следи, да се знае што е тоа што се увезува. И врз основа на тоа да се утврдуваат односите спрема тие хуманитарни организации. Ако од Босна отидоа во Германија 60 илјади хуманитарно згрижени лица или бегалци, сигурно германската држава не ги ослободи хуманитарните организации, кои косеа храна исто така од Обединетите нации храна од царина, даноци и сите давачки, а ние имаме овде трошоци на државата. Имаме трошоци на полицијата, војската, здравството и урбанизам и ние за тие трошоци што ги правиме се молиме до светската јавност да ни дадат пари. Па зошто кога ние можеме сами да ги земеме тие пари? По основ како што сите го прават.

Трето прашаше: јас би молел Владата односно Министерството за трговија да ми даде одговор во писмена форма, кои стоки се идентификувани дека можат да се извезат во земјите од НАТО-алијансата, како супституција на југословенскиот пазар и што е постапено по тоа.

По четвртото прашање, прашањето на осигурувањето на бизнисот, ако Агенцијата МИГА има донесено принципиелно прашање дека може да ги осигурува бизнисите во Македонија, мислам дека би било добро да се известат сите фирми кои тргуваат со земјите од НАТО тие своите партнери да ги информираат во Америка, Германија и не знам каде уште дека постои таква согласност да се осигура тој бизнис и да продолжи бизнисот и за тоа барам исто така информација во писмена форма.

Во поглед на прашањето за овчарските фарми и јас сум задоволен од одговорот на министерот за финансии и како разбрав дека постои спремност, се бара решение. Мислам дека барањето решение на целата економија во Македонија одеднаш е невозможно, меѓутоа по групации сигурно дека може да се прави.

И уште не добив одговор на последното прашање за Могорче.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете, господине Стојменов, коментар можете да дадете.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Иако бев принципиелен за првото прашање со четири потпрашања, дека Владата заради детали ќе одговори по писмен пат и дури ќе направиме ПРЕС-конференција за оваа продажба, затоа што има така наречени шпекулации, а се знае од каде се тие шпекулации околу продажбата на “ОКТА“, меѓутоа, поставувачот на прашања повторно ги постави овие прашања. Сега постави потпрашања, кои стручни експерти и ги наведе стручните експерти не се вклучени во правењето на тој проект за продажбата на “ОКТА“.

Колку што знам, во законот пишува дека Владата е таа која преку Агенцијата за приватизација со одредени експерти повикува да прави продажба и ние така ја направивме. За некои стручни аспекти кои досега ја доведоа “ОКТА“ под ликвидација и тие сега да ги прогласиме за стручни експерти, дека тие треба да дојдат и сега да ја продадеме “ОКТА“, ние како Влада тоа нема да го правиме. Својата стручност и експертност ја верифицираат преку работењето на “ОКТА“.

Се поставува прашањето, зошто “ОКТА“ не е дадена на јавно надавање, бидејќи на јавно надавање ќе се добие многу повеќе пари.

Прво, измената на законот кој го донесе и овој Парламент, беше дека за некои стратешки производи, претпријатија за кои е заинтересиран странскиот партнер, Владата да ги продава непосредно со спогодби. Едно од тие претпријатија кое беше набележано меѓу 12-те загубари, кое Македонија мораше да го ликвидира до крајот на годината беше и “ОКТА“. А “ОКТА“ беше ликвидирана и од претходната Влада, претходната Влада зборуваше за ликвидација на “ОКТА“ и ние успеавме, новата Влада, “ОКТА“ да ја продаде за досега најголемата инвестиција во Македонија, 182 милиони долари. Толку е вкупната вредност за “ОКТА“, заедно со нафтоводот, 182 милиони долари. Таква директна инвестиција странска досега во Македонија не е дојдена и мислам дека во многу блиска иднина тешко ќе дојде. Велите СДСМ не се согласуваше со продажбата, меѓутоа СДСМ се согласуваше со ликвидацијата на “ОКТА“ и тука е разликата меѓу нас и СДСМ.

Прашањето за “ОКТА“ на крајот беше за досегашниот профит. Интересно е, јас ќе ви кажам една работа на овој Парламент, еден грчки бизнисмен кој досега тргуваше со “ОКТА“ и со Макпетрол беше многу загрижен и лут за продажбата на "Хелени - Петролеум", и тоа многу лут. Многу лут заради својот бизнис со “ОКТА“ и

"Хелени - Петролеум", вели тој мој бизнис е до 2003 година, вие ќе мора да купувате нафта од тој и тој бизнисмен. Ако е толку загрижувачка состојбата дека проект треба да вреди повеќе, дека тој проект "ОКТА" е многу профитабилен досега, јас го поставувам обратно прашањето меѓутоа и давам одговор: каде се парите досега со трговијата со нафта и нафтени деривати од страна и на "ОКТА" и на Макпетрол и ако се тие огромни профити, се поставува прашање каде се лоцирани тие профити. Дали тие профити се лоцирани во тие претпријатија или се лоцирани можеби некаде надвор од тие претпријатија. Според тоа, ние треба да дадеме одговор каде се тие огромни профити за последните 15 години, колку е тргувано со нафта и нафтени деривати штом таа индустрија е толку профитабилна.

За хуманитарните организации, морам да ви кажам дека за жал ние сега споредуваме дали треба да бидат оданочени тие производи или не треба да бидат оданочени, односно дали треба да се плаќа царина или не. Ние моментално како Влада спроведуваме закон на претходните Влади. Уште во првиот момент почнавме да сигнализираме дека на хуманитарните организации, на било која па и на Високиот комесаријат на бегалци, дека ние ќе воведеме, а не е воведена, ниту царината е воведена, ниту даноците се воведени на тие производи. Тие се ослободени од даноци и царина.

Значи, првпат ние како Влада сакаме да го направиме тоа, да го запреме шверцот со тие производи во хуманитарни цели и јас одговорив дека Владата има намера, и покрај тоа што има големи противења, Владата можеби не на оваа седница, но на наредната седница со одлука ќе воведе царина и такса за тие производи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за финансии.

Дали пратеникот е задоволен од одговор?

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Господине министер, јас не сум задоволен од одговорот за "ОКТА" и ќе го кажам следното.

Вие не ја продадовте "ОКТА" за 182 милиони долари, вие ја подаривте "ОКТА" на грчкиот партнер за беспари, а ќе ви го образложам следното. Вие ја подаривте со плаќање, Гркот да плати после 6 месеци 5 милиони долари, после 18 месеци уште 5 милиони долари и после 36 месеци уште 12 милиони долари, а 10-те милиони ќе бидат во некоја инвестиција за нафтоводот, за која нема никакви термини предвидени дали ќе се гради и кога ќе се гради и што ако не се изгради. Тоа е првото што сакам да го кажам.

Второ, зошто не го поставивте прашањето, ако на Рафинеријата и ги дадовте овие услови како Влада и Министерство за финансии на секои 15 дена да се менува цената на нафтените деривати, како што е предвидено во договорот со грчкиот партнер, а сега се менува на 6 месеци или на година дена и тоа, ако знаеме дека цената на нафтата може да биде 9 долари, може да биде 16 но и 23 долари по барел, а држите една иста цена и исти давачки спрема Рафинеријата за преработка. Ако тоа го направивте со Рафинеријата, без разлика на грчкиот партнер, дали Рафинеријата ќе работеше профитабилно и колку профитабилно ќе работеше. Јa барам таа информација како дополнување на моето прашање.

Второ, денес во цената на рафинеријата за преработка е предвидено 17 долари, а во доларот се предвидени 27 долари. На милион тони преработка пресметајте колку е тоа, а има 10 долари разлика, 7 милиони повеќе пари треба да ги добие Рафинеријата за преработка.

Ве молам, јавноста, Парламентот треба да бидат информирани за точните состојби, а не да кажеме само политичка парола дека поранешната Влада или поранешните генерални директори ја упропастиле Рафинеријата. Тоа никако не можам да го прифатам. Поранешните Влади можеби да, но поранешните генерални директори не. Тие биле ценети луѓе и тие и ден денес се ценети меѓу своите колеги во Хрватска, Словенија, Србија и на секаде во светот и мислам дека заслужуваат да ги вклучите нив во продажбата, за да ви помогнат да најдат решенија. Јас се надевам дека и господинот Ефтимов ќе се согласи за овој дел со мене.

Што се однесува до второто прашање, Вие рековте дека за хуманитарците поранешната Влада донела закон. Да, точно е, меѓутоа, тогаш немавме 250 или 300 илјади хуманитарно згрижени луѓе. Ние имаме нова ситуација, според таа нова ситуација вие треба да се прилагодите.

Молам, таму каде што заслужува критики претходната Влада треба да се критикува, таму каде што сегашната Влада прави огромни пропушти треба да се критикува, во правец да се подобри состојбата, да се најдат решенија кои се во интерес на државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, јас би ја затворил овде расправата.

Вие барате писмена информација, писмената информација пратеникот ќе добие и по писмената информација претпоставувам дека ќе бидат содржани сите овие елементи кои вие ги барате.

Јас така заклучив господин пратеник, дали е така господине Филиповски.

Значи во писмена форма барате одговор.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе добиете одговор во писмена форма по ова прашање.

По другите прашања дали сте задоволен од одговорот. Да, задоволен сте.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

За последното прашање за Могорче не добив одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас би ве замолил да направиме една пауза и би ја замолил Владата повторно да биде тука за да ја завршиме денешната седница.

Јас би дал пауза еден час, а после тоа ќе продолжиме со останатите прашања по ред, со останатите пријавени кандидати.

Ќе продолжиме со работа во 16,15 часот.

(Пауза од 15,15 до 16,15 часот). (По паузата).

Денес не само што немаме кворум да ја отпочнам седницава, туку сме и толку малку присутни овде, а веќе сме 15 минути тука.

Ѕвониме некаде од 16,00 часот пратениците да влезат во сала.

Јас не ќе можам со овој број пратеници да ја водам седницава.

Јас би предложил нешто друго.

Сите останати пратеници кои се на листата и сакаат да ги доставаат прашањата, ќе добијат во писмена форма одговор.

Инаку, да оставиме за следната сесија, јас не можам повеќе да држам седници на Собранието само за пратенички прашања и да го имам овој не сериозен однос.

Да беа присутни барем тие што ги поставија прашањата и кои сега немаат ни елементарно чувство да седат овде и да ги сослушаат нивните колеги, еве тука е и Владата и Владата си има обврски и не може Владата да ја викаме секој ден да присуствува, а нас да не нема овде.

Јас тогаш би предложил денес да ја прекинеме седницата, всушност да ја завршиме Деветнаесеттата седница, а останатите пратеници кои сакаат да постават прашања, или да ги поставуваат на редовни седници кога ќе бидат тука тие министри или пак да ги достават во писмена форма до мене, јас ќе ги испратам до министерствата и ќе добиете во писмена форма информација на поставените прашања.

Денес навистина немаме услови со овој број, со дваесетина пратеници колку што сте овде, да работиме.

Според тоа, ја завршувам со работа Деветнаесеттата седница, а другите пратенички прашања.

(Реакција на некои пратеници).

Доставете ми ги мене прашањата, а јас ќе им доставам.

Инаку, немаме услови.

На наредната седница поставете си прашања.

Тогаш да ја завршиме денес Деветнаесеттата седница. Благодарам.

(Седницата заврши во 16,30 часот).